

# Тренинг модул за сексуална работа, ХИВ и човекови права

# Тренинг модул за сексуална работа, ХИВ и човекови права

март 2019, Скопје

Тренинг модул за сексуална работа, ХИВ и човекови права / Б. Божинов, И. Ацевска
СТАР-СТАР – Здружение за поддршка на маргинализирани работници
2019. – 77 стр.

Публикацијата е подготвена и објавена во рамките на Програмата за застапување и лобирање на сексуалните работници, спроведена од СТАР-СТАР - Здружение за поддршка на маргинализирани работници со поддршка на УНФПА – Фонд за население на Обединетите нации.

Ставовите опишани во оваа публикација се ставови на организацијата и не ги претставуваат гледиштата или мислењата на УНФПА.

Слободна дистрибуција.

Содржината на оваа публикација може слободно да се копира и да се користи за образовни и други некомерцијални цели, под услов при таквата репродукција да се потврди СТАР-СТАР како извор.

Сите права се задржани.

**Издавач:**

СТАР-СТАР – Здружение за поддршка на маргинализирани работници

Ул. „11 Октомври“ 22/2

1000 Скопје

Република Северна Македонија

**Автори:**

Борче Божинов

Ивана Ацевска

**Лектура:**

Бојан Илковски

**Дизајн:**

Игор Стојановски

# Содржина

1. Вовед....6
2. Која е намената на тренинг модулот и кои се неговите цели?....8
3. Како е развиен тренинг модулот за сексуална работа, ХИВ и човекови права?....9
4. Што содржи тренинг модулот за сексуална работа, ХИВ и човекови права?....18
5. Како може да се употребува тренинг модулот?....19
6. Водич на тренинг модулот....20
7. МОДУЛ 0: Подготовка на обучувачите....22
   7.1. Претходна подготовка....22
   7.2. Прилагодување на планот за обука....22
   7.3. Подготовка на агендата....23
   7.4. Подготовка на просторот....24
   7.5. Безбеден простор за обука....24
   7.6. Интеракција со учесниците....25
   7.7. Вовед во обука....26
8. МОДУЛ 1: Застапување и активизам кај сексуалните работници....31
   8.1. Што претставува активизам на сексуалните работници?....32
   8.2. Историја на активизмот на сексуалните работници....32
   8.3. Што претставува застапување на правата на сексуалните работници?....35
   8.4. Стратегии за застапување на правата на сексуалните работници....35
   8.5. Начини на застапување и лобирање....35
   8.6. Креирање јавни настани и кампањи....36
9. МОДУЛ 2: ХИВ превенција, тестирање, третман и поддршка....43
   9.1. ХИВ превенција....45
   9.2. ХИВ тестирање, третман, нега и поддршка....46
   9.3. Пречки во пристапот на сексуалните работници кон услугите поврзани со ХИВ....48
10. МОДУЛ 3: Човекови права и право на здравје....55
   10.1. Сексуалните работници и човековите права....56
   10.2. Право на здравје....58
   10.3. Сексуално и репродуктивно здравје и права (СРЗП)....59
   10.4. Прекршување на човековите права на сексуалните работници....61
11. Прилози....64

11.1. Прилог 1: Пример за регистрација на учесници....65
11.2. Прилог 2: Пример за пред евалуационен тест....66
11.3. Прилог 3: Пример за пост евалуационен тест....67
11.4. Прилог 4: Пример за прашалник за евалуација....68
11.5. Прилог 5: Пример за Соопштение за медиум....69
11.6. Прилог 6: 3 примери за случаи на прекршување на човековите права на сексуалните работници....72
12. Користена литература....75

## 1. Вовед

Сексуалната работа е непринудна продажба на сексуални услуги за пари или други материјални добра, помеѓу согласни возрасни лица. Сексуалната работа подразбира нудење сексуални услуги на отворена и затворена сцена и вклучува нудење ескорт услуги, сексуални услуги преку телефон, порнографија, стриптиз, еротска масажа и сексуални услуги преку интернет портали. Сексуален работник може да биде маж, жена или трансродово лице. (Во понатамошниот текст, ќе се користи терминот сексуални работници како родова неутралност, кој ги вклучува машките, женските и трансродовите сексуални работници).

Во Република Северна Македонија не постојат конкретни закони за регулација на сексуалната работа. Вршењето дејност поврзано со сексуалната работа се смета за нарушување на јавниот ред и мир: „Кој се оддава на **проституција,** како и издава, односно става на располагање простории за вршење на проституција ќе му се изрече глоба во износ од **600 до 800 евра** во денарска противвредност[1)], додека некои други активности поврзани со сексуалната работа (подведување, охрабрување, заработување од посредување за сексуални услуги) се третираат и казнуваат како кривични дела"[2)]. Ова се дел од низата селективни закони кои влијаат на дигнитетот и човековите права на сексуалните работници, зголемување на насилството и стигматизацијата, како и создавање недоверба кон самите институции.

Според извештајот од Биобихевиоралното истражување кај сексуалните работници во Р.С. Македонија од 2014 година, поддржано од Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберколоза и маларија при Министерството за здравство во Република Северна Македонија, проценката на бројноста на популацијата кај сексуални работници во Македонија е 3588, меѓутоа тешко е да се одреди точниот број сексуални работници во Северна Македонија кои работат на отворена (на улица) и затворена сцена (апартмани, станови, хотели, мотели, салони за масажа, клубови итн.).

Иако сексуалната работа има долга историја во скоро секоја култура и општество, сексуалните работници не ретко се соочуваат со стигма, дискриминација, малтретирање и насилство, од страна на општата јавност и институциите. Во Република Северна Македонија, сексуалната работа не е призната како работа, што често ги принудува сексуалните работници да работат тајно и да се криjат, да не зборуваат отворено за својата работа, ниту со семејството, ниту со партнерите, плашејќи се да не бидат откриени. Сексуалните работници се социјално исклучени, истите се соочуваат со низа проблеми кои имаат негативно влијание врз нивниот живот и работа. Лошата перцепција за сексуалната работа од страна на општеството ги става сексуалните работници во голем ризик, скратувајќи им ја можноста на сексуалните работници да ги уживаат своите права и слободи како и секој друг граѓанин. Поради непостоењето прецизен закон за регулација на сексуалната работа во Северна Македонија, како и нееднаквиот третман кон сексуалните работници од страна на полицијата и државните институции, се загрозуваат и ограничуваат човековите права на сексуалните работници. Согласно Меѓународното право за заштита на човековите права и според Декларацијата на правата на сексуалните

[1)] Член 19 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир во Р.М

[2)] Член 191 од Кривичен законик на Р.М. 1996

работници во Европа[3], сексуалните работници имаат право на живот и слобода, право на заштита од дискриминација, право на приватност, на семеен живот, на законско напуштање и враќање во својата земја, на слобода од тортура, нехумано или понижувачко однесување и од неосновано приведување, и во полза на слободата на изразување, заштита од насилство, физички повреди, закани и заплашувања, информирање, здружување, движење, итн.

Со Уставот на Република Северна Македонија на сите граѓани им е загарантирано правото на слободен избор, правото на здравствена и социјална заштита и сите граѓани се еднакви пред законот и институциите. Оттука, сексуалните работници треба да ги уживаат истите човекови права како и секој друг граѓанин на Република Северна Македонија.

Сексуалните работници, независно од нивниот статус, имаат право на највисок достижен стандард на физичко и ментално здравје, вклучувајќи го и сексуалното и репродуктивно здравје. Пристапот до сеопфатно сексуално и репродуктивно здравје што подразбира услуги за превенција од ХИВ/СИДА, СПИ и општи здравствени услуги е суштинска компонента за здравјето на сексуалните работници базирано на нивните основни човекови права.

Бројни социјални и структурни фактори негативно влијаат врз сексуалните работници и нивните човекови права, здравје и безбедност. Стигмата и целокупните прекршувања на човековите права имаат долгорочни импликации во однос на ризикот за пренос на ХИВ, бидејќи тие ги одвраќаат сексуалните работници од користење на здравствени услуги и значително ја попречуваат пристапноста кон ХИВ превенција, тестирање, лекување, нега и поддршка. Како резултат на тоа, сексуалните работници имаат ограничен пристап до пристапни, квалитетни здравствени услуги, сигурно образование за здравје и безбедност на работното место и програми за превенција од ХИВ кои се прилагодени на нивните потреби и очекувања. Во Република Северна Македонија, постои превентивна програма за ХИВ на Министерството за здравство во соработка со граѓанските организации, која има за цел да ја одржува ниската преваленца на ХИВ кај клучните популации и да овозможи квалитетен пристап и третман за ХИВ и услуги за грижа и поддршка како дел од третманот за ХИВ. Меѓутоа, се уште постои страв кај заедницата на сексуалните работници за користење јавни здравствени услуги, а тоа е последица од стигмата и дискриминацијата со кои секојдневно се соочува оваа маргинализирана група. Сексуалните работници немаат доверба во јавните здравствени установи, поради фактот што медицинскиот персонал не е доволно сензибилизиран и не ги разбира потребите на оваа маргинализирана група. Ова е една од многуте причини зошто сексуалните работници најчесто ги користат здравствените услуги кои се нудат преку невладиниот сектор. И покрај постоењето и функционирањето на превентивните програми за здравје, сеуште постои ниска свест кај сексуалните работници кои се вклучуваат во сексуалната работа. Потребно е да се зголеми информираноста и познавањата на оваа маргинализирана група за СРЗП и ХИВ/СИДА.

---

[3] http://civicamobilitas.mk/wp-content/uploads/2018/02/deklaracija2-1.pdf?fbclid=IwAR26p5BTRQhSKTFRRjNrmKo_BU6VwYZTOz1JtRBcDLNGLYeNKeP1cR7ALfI

## 2. Која е намената на тренинг модулот и кои се неговите цели?

Тренинг модулот за сексуална работа, ХИВ и човекови права е наменет за користење од страна на невладини организации, организации водени од заедницата на сексуални работници, даватели на услуги наменети за сексуалните работници, активисти за човекови права и поддржувачи. Овој тренинг модул може да биде од интерес на оние кои носат одлуки и зстапувачи на правата на сексуалните работници. Тренинг модулот е продукт на СТАР-СТАР како организација предводена од заедницата на сексуални работници со поддршка од УНФПА – Фонд за население на Обединетите нации.

Тренинг модулот е наменет да служи како алатка за организирање и водење на едукативни работилници/обуки на заедницата на сексуални работници за прашања поврзани со ранливоста на сексуалните работници во однос на ХИВ и прекршување на човековите права. Како таков, овој тренинг модул има за цел да им даде можност на поединечните сексуални работници и колективите на сексуални работници да го збогатат своето знаење, да ги зајакнат своите вештини и да ги зголемат капацитетите потребни за нивно ефикасно вклучување во процесот на самозастапување, како и застапување на правото на здравје на локално, на национално и меѓународно ниво. Се надеваме дека овој ресурс ќе и помогне на заедницата на сексуални работници да ги идентификува и да ги елиминира пречките во пристапот кон услугите поврзани со ХИВ и да обезбедат пристап до други здравствени услуги поврзани со нивното сексуално и репродуктивно здравје. Овој модул има за цел да им помогне на сексуалните работници во процесот на самозастапување и промовирање на своите човекови права и ќе придонесе кон полесен пристап до правдата во случај на повреди на нивните права, насилство, малтретирање, со што ќе се превенира идно насилство и дискриминација.

Овој тренинг модул може да го користат давателите на услуги и сојузниците кои сакаат да го поддржат учество на сексуалните работници при креирање, спроведување, следење и евалуација на програмите за ХИВ, со цел да им се овозможи на сексуалните работници полесен пристап до здравствена грижа. Инклузијата на сексуалните работници би влијаела врз намалување на ризикот од ХИВ и други СПИ (сексуално преносливи инфекции) и ќе придонесе до подобрување на нивното здравје и живот.

Прирачникот за обуки е специјално дизајниран за сексуалните работници и организации предводени од сексуални работници кои сакаат да се вклучат во активизам и застапување за прашања поврзани со сексуалната работа, ХИВ и човекови права. Служи како корисна алатка за:

- Зголемување на видливоста на заедницата на сексуални работници;
- Зајакнување на капацитетите на сексуалните работници за самозастапување и лобирање за промена на законските регулативи кои се однесуваат на сексуалната работа;
- Проширување на знаењето на сексуалните работници за човековите права, со посебен фокус на правото на здравје;

- Мотивирање на сексуалните работници да пријавуваат случаи на насилство, непочитување и кршење на човековите права;
- Подигнување на свеста кај сексуалните работници за ризиците поврзани со нивната работа и други социјални, структурни и економски фактори кои придонесуваат за ранливост на сексуалните работници при пренос на ХИВ и други СПИ;
- Зголемување на знаењето на сексуалните работници за можностите за превенција, тестирање и третман поврзани со ХИВ;
- Отстранување на пречките во пристапот на сексуалните работници кон услуги за ХИВ и СРЗП;
- Градење на капацитетите на сексуалните работници за планирање и развивање интервенции поврзани со ХИВ за оваа маргинализирана група.

## 3. Како е развиен тренинг модулот за сексуална работа, ХИВ и човекови права?

Како појдовна основа за развивање на овој тренинг модул е земена анализата на сегашната состојба на сексуалните работници во Република Северна Македонија, како и едни од најважните програми за сексуалните работници според видувањата на СТАР-СТАР, а тоа се програмата за застапување и лобирање која се однесува на застапување и лобирање за подобрување на социјалната средина и човековите права на сексуалните работници и програмата за здравје која се однесува на ХИВ/СИДА и СРЗП (сексуално и репродуктивно здравје и права). Овие две програми имаат за цел да ги мапираат и соодветно адресираат здравствените потреби и грижи на сексуалните работници, да и овозможат на заедницата на сексуални работници да стекне знаење поврзано за ХИВ И СРЗП и други проблеми поврзани со работата, како и да ги идентификуваат пречките кои го компромитираат здравјето и безбедноста на сексуалните работници. Потоа, претходното богато искуство на тренинзи и обуки на претставници на СТАР-СТАР и целната група во процесот на организациското јакнење на организацијата низ годините како и многубројните едукативни работилници и тренинзи кои се реализирани од страна на СТАР-СТАР за Пиер едукација, зајакнување на капацитетите и вештините на заедницата на сексуални работници, за развој на активизмот, исто така претставува добра основа за развивање на овој тренинг модул.

Од 2012 година, па се до денес, СТАР-СТАР има реализирано голем број едукативни работилници, обуки и семинари на национално и меѓународно ниво кои имаат дадено голем придонес во процесот на зајакнување на заедницата на сексуални работници. Како позначајни ги издвојуваме следниве:

- Семинар за *Теренска работа и Пиер едукација помеѓу сексуалните работници,* одржан од 18.11 до 20. 11.2012 во Охрид со учество на 12 сексуални работници.
- Семинар за *Зајакнување на заедницата на сексуални работници*, одржан од 09.12 до 11.12.2012 во Охрид, со учество на 13 сексуални работници.
- *Тренинг за зајакнување на заедницата на сексуалните работници и размена на искуства помеѓу активистичките движења од Србија и Северна Македонија*, одржан од 12.05 до 14.05.2013 во Охрид, со учество на 12 сексуални работници од Северна Македонија и 2 сексуални работници, претставници на организацијата Слобода права од Србија.



Слика бр.1: Тренинг за зајакнување на заедницата на сексуалните работници и размена на искуства помеѓу активистичките движења од Србија и Северна Македонија (од архивата на СТАР-СТАР)

- *Обука за доброволно ХИВ тестирање и советување*, одржана од 28.10 до 31.10.2013 во Скопје, со учество на 12 сексуални работници. Преку оваа обука, 4 сексуални работници станаа советувачи за ДСТ (доброволно советување и тестирање) кои до ден денес се ангажирани преу сервисите за ДСТ низ земјата.




Слика бр.2: Обука за советувачи за доброволно советување и ХИВ тестирање (од архивата на СТАР-СТАР)

- *Тренинг за зајакнување на заедницата на сексуални работници и развој на активизмот*, одржан од 21.03 до 23.03.2014 во Охрид, со учество на 13 сексуални работници од Северна Македонија и 2 сексуални работници, претставници на организацијата Queer Montenegro од Црна Гора.
- *Тренинг за Пиер едукација и теренска работа помеѓу сексуалните работници*, одржан од 11.05 до 13.05.2015 во Банско - Бугарија, со учество на 11 сексуални работници.
- *Тренинг за ХИВ, човекови права и активизам кај сексуалните работници*, одржан од 31.05 до 01.06.2015 во Скопје, со учество на 12 сексуални работници.




Слика бр.3: Тренинг за ХИВ, човекови права и активизам кај сексуалните работници (од архивата на СТАР-СТАР)

- *Тренинг за зајакнување на лидерски вештини кај локалните заедници на сексуалните работници*, одржан од 28.09 до 30.09.2016 во Скопје, со учество на 15 сексуални работници.



Слика бр.4: Тренинг за зајакнување на лидерски вештини кај локалните заедници на сексуалните работници (од архивата на СТАР-СТАР)

– *Национален тренинг за градење на капацитетите на сексуалните работници*, одржан од 04.11 до 06.11.2016 во Банско – Бугарија, со учество на 15 сексуални работници.
– *Тренинг за имплементација на SWIT алатка*, одржан од 09.11 до 10.11.2016 во Скопје, со учество на 12 сексуални работници.
– *Обука за документирање на случаи на прекршување на права на сексуалните работници*, одржан на 13.10.2017 во Скопје, со учество на 19 сексуални работници.



Слика бр.5: Обука за документирање на случаи на прекршување на права на сексуалните работници (од архивата на СТАР-СТАР)

- *Обука за документирање на случаи на прекршување на права на сексуалните работници и трансродови лица*, одржан на 23.03.2018 во Струмица, со учество на 8 сексуални работници и трансродови лица.
- *Обука за документирање на случаи на прекршување на права на сексуалните работници и трансродови лица*, одржан на 27.03.2018 во Гостивар, со учество на 8 сексуални работници и трансродови лица.
- *Работилница за теренска работа и Пиер едукација*, одржана на 03.05.2018 во Струмица, со учество на 6 сексуални работници.



Слика бр.6: Работилница за теренска работа и Пиер едукација (од архивата на СТАР-СТАР)

- *Работилница за теренска работа и Пиер едукација*, одржана на 15.05.2018 во Гостивар, со учество на 8 сексуални работници.
- *Тренинг за Регионална имлементација на SWIT алатката*, одржан на 18.05.2018 во Гостивар, со учество на 6 сексуални работници.
- *Тренинг за Регионална имлементација на SWIT алатката*, одржан на 25.05.2018 во Струмица, со учество на 8 сексуални работници.
- *Работилница за подготовка на информативен билтен во заедницата (собирање на податоци, пишување на статии, издавање на месечно издание)*, одржана на 26.07.2018 во Гостивар, со учество на 8 сексуални работници.
- *Работилница за документирање на случаи на прекршување на правата на сексуалните работници*, одржана на 30.07.2018 во Гостивар, со учество на 8 сексуални работници.
- *Работилница за мониторинг, евалуација и акциско планирање*, одржана на 25.09.2018 во Гостивар, со учество на 8 сексуални работници.



Слика бр.7: Работилница за мониторинг, евалуација и акциско планирање (од архивата на СТАР-СТАР)

- *Работилница за теренска работа и мобилизација на заедницата*, одржана на 18.09.2018 во Гостивар, со учество на 8 сексуални работници.
- *Работилница за организирање на јавна кампања и настани*, одржана на 21.09.2018 во Гостивар, со учество на 8 сексуални работници.




Слика бр.8: Работилница за организирање јавни кампањи и настани (од архивата на СТАР-СТАР)

- *Работилница за консултативна средба со сексуални работници за преглед на Планот за застапување 2018/2019*, одржана на 03.10.2018 во Гостивар, со учество на 8 сексуални работници.
- *Работилница за консултативна средба со сексуални работници за преглед на Планот за застапување 2018/2019*, одржана на 05.10.2018 во Струмица, со учество на 7 сексуални работници.
- *Тренинг за воведување на сеопфатни ХИВ/СПИ програми со трансродови сексуални работници*, одржан на 29.10.2018 во Гостивар, со учество на 8 трансродови сексуални работници.
- *Тренинг за воведување на сеопфатни ХИВ/СПИ програми со трансродови сексуални работници*, одржан на 30.10.2018 во Струмица, со учество на 8 трансродови сексуални работници.

Сите тренинзи, обуки и работилници наведени погоре, кои се реализирани од страна на СТАР-СТАР, а со цел едукација на сексуалните работници за прашања и проблеми кои ги засега оваа маргинализирана заедница, ни овозможи да ја формираме содржината на Тренинг модулот за сексуална работа, ХИВ и човекови права. Овој прирачник се одразува на сите научени лекции, искуства и предлози дадени од самите учесници на обуките. Овој прирачник за обука е резултат на колективните напори и не би бил возможен без вклучување на сексуалните работници и активистите во заедницата.

## 4. Што содржи тренинг модулот за сексуална работа, ХИВ и човекови права?

Овој прирачник содржи четири поглавја кои даваат детални информации и описи на четирите тренинг модули кои се дизајнирани од страна на СТАР-СТАР. Секое поглавје посветено на едно од четирите тренинг модули се состои од:

| | |
|---|---|
|  | Краток преглед на тренинг модулот |
|  | Цел на модулот - што учесниците на обуката можат да научат во текот на овој модул |
|  | Клучни информации - обезбедување основни информации за предмет на модулот |
|  | Примери на вежби – вклучување на учесниците во практични вежби и активности |
|  | Времетраење на секоја вежба |
|  | Материјали за обука – потребни материјали за непречено спроведување на тренинг модулот |

## 5. Како може да се употребува тренинг модулот?

Овој прирачник за обука е креиран за поддршка на поединечни сексуални работници, колективи сексуални работници и граѓански организации кои ги застапуваат правата на сексуалните работници во организирање на обуки наменети за заедницата. Прирачникот може да се користи како алатка за организирање јавни настани и кампањи за застапување, како и за изготвување агенди за работилници, едукативни работилници и тренинзи за подигнување на свеста кај медицинскиот персонал, давателите на услуги, правниците, социјалните работници и сите заинтересирани за проширување на нивното знаење во врска со правата на сексуалните работници и нивното здравје.

Тренинг модулот е дизајниран за адресирање на прашања поврзани со сексуална работа, ХИВ и човекови права, меѓутоа користењето на овој прирачник може да биде флексибилно и може да се адаптира на потребите, условите и времето на обучувачите како и на учесниците.

Најчеста потребна опрема за реализирање на обука: флип чарт табла, лаптоп, проектор,  хартија од А4 формат, нотеси, стикери, папки, пенкала и маркери.

## 6. Водич на тренинг модулот

| Модул | | Клучни теми |
|---|---|---|
| Модул 1 | Подготовка на обучувачите | Совети за подготовка на обучувачите за реализирање на тренинзи, обуки и работилници |
| Модул 2 | Застапување и активизам кај сексуалните работници | Историја на активизмот на сексуалните работници<br><br>Стратегии за застапување<br><br>Организирање на јавни настани и протестни маршови |
| Модул 3 | ХИВ превенција, тестирање, третман и поддршка | Прашања поврзани со ХИВ услуги – ХИВ превенција, ХИВ тестирање и третман<br><br>Можности и пречки во пристапот на сексуалните работници кон услугите поврзани со ХИВ |
| Модул 4 | Човекови права и право на здравје | Човекови права на сексуалните работници<br><br>Право на здравје<br><br>Прекршување на правата на сексуалните работници |

# Модул 0
# Подготовка на обучувачите

*Совети за подготовка на обучувачите за реализирање на тренинзи, обуки и работилници*

# 7. МОДУЛ 0: Подготовка на обучувачите

## 7.1. Претходна подготовка

Пред да планирате и организирате обука за заедницата, потребна е претходна соодветна подготовка со цел да се обезбеди успешна реализација. Овој тренинг модул содржи 4 поглавја:

1. Вовед во обука,
2. Застапување и активизам кај сексуалните работници,
3. ХИВ превенција, тестирање, третман и поддршка и
4. Човекови права и право на здравје.

Секое поглавје содржи краток преглед , клучни информации, предлози, вежби и потребни материјали за реализирање на обуката.

Потребно е обучувачите да се запознаат со заедницата, да ги идентификуваат нивните проблеми и потреби и да го прошират своето знаење за нив. Пред да започнете со обуки, внимателно прочитајте го овој прирачник и добро подгответе се.

Овој тренинг модул содржи вежби и материјали, кои можете да ги прилагодите во однос на контекстот на обуката, како и потребите и очекувањата на учесниците со цел истите да бидат корисни.

Основната идеја на овој тренинг модел е да се направат промени врз животот и здравјето кај заедницата на сексуални работници, со цел:

- Да се намали насилството, малтретирањето, дискриминацијата, стигмата од страна на општеството и државните институции;
- Да се подобрат условите во кои сексуалните работници живеат и работат;
- Да се подобрат законските мерки кои ги ограничуваат основните права и слободи на сексуалните работници;
- Да се олесни пристапот на сексуалните работници до здравствените услуги за ХИВ и СРЗ (сексуално и репродуктивно здравје);
- Да се мотивира заедницата за заедничко делување и застапување на своите човекови права;
- Да се зајакне заедницата за лобирање кај клучни донесувачи на одлуки за подобрување на законските рамки кои ги таргетираат сексуалните работници.

## 7.2. Прилагодување на планот за обука

За успешна реализација на обуката, потребно е да го прилагодите планот за работа според учесниците и околностите. Заедницата на сексуални работници вклучува неколку подгрупи:

- Женски, машки, МСМ (мажи кои имаат секс со мажи) и трансродови сексуални работници;
- Сексуални работници корисници на droги;

- Сексуални работници – мигранти и
- Млади сексуални работници.

Овие целни групи работат на отворена сцена (на улица) и на затворена сцена (апартмани, хотели, клубови, салони за масажи). Секоја подгрупа има различни интереси и се соочува со различни проблеми и потреби. Пред започнување на обуката, Вие како обучувач, ќе треба добро да ја запознаете групата на учесници со цел да ги осознаете нивните интереси и приоритети. Ова ќе ви помогне да ги поставите насоките и целите на обуката со цел истата да даде добри резултати.

Пред да започнете со креирање на работниот план и програма, направете проценка на потребите на потенцијалните учесници во обуката со цел добро да ги изберете темите на кои би сакале да се фокусирате. Пред да започнете со Вашата презентација неопходно е да се информирате за:

- Моменталната состојбата на вашата целна група;
- Посебни прашања/проблеми со кои се соочуваат сексуалните работници во земјата;
- Национални упатства, протоколи, стратегии или политики за превенција од ХИВ;
- Политики или закони во земјата кои ја таргетираат сексуалната работа;
- Меѓународни договори за човекови права и антидискриминација во земјата;
- Извештаи од граѓански организации за кршење на човековите права на сексуалните работници во земјата;
- Статистички податоци за злосторства од омраза и насилство врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет;
- Документирани случаи на насилство и дискриминација врз сексуалните работници од страна на поединци, институции и/или полиција.

### 7. 3. Подготовка на агендата

Подгответе ја агендата за работа барем 10-ина дена однапред, со цел да им ја доставите на учесниците барем 1 до 2 дена пред започнувањето на обуката. Во агендата треба да бидат вклучени следниве информации кои ќе им бидат од корист на учесниците:

- Наведете говреметрањето на обуката;
- Наведете ја локација на одржување на обуката;
- Опишете ги сесиите и активностите предвидени за успешна реализација на обуката;
- Наведете информации за предвидените паузи за кафе и ручек;
- Наведете информации за дополнителни активности и вежби доколку ги има;
- Споделете ја агендата со потенцијалните учесници и побарајте повратна информација.

Доколку обуката е повеќе од еден ден (дводневна, тродневна и сл.), во тој случај

потребно е покрај горе наведените информации, да ги информирате учесниците за начинот на превоз и хотелот во кој ќе бидат сместени, т.е. каде ќе се одржува обуката. Потребно е навремено споделување на сите логистички детали и деталната агенда со учесниците со цел успешна реализација на сите активности и сесии предвидени за работа во текот на обуката.

### 7.4. Подготовка на просторот

Подгответе го просторот за обука или пак организирајте луѓе да Ви помогнат околу тоа со цел да направите на учесниците да им биде удобно. При организирање на обука, многу е важно да побарате информации од самите учесници за нивните конкретни потреби.  Местото на одржување на обуката треба да биде безбедно за учесниците и да им ја гарантира приватноста и доверливоста на учесниците. Осигурајте се дека целата опрема (лаптоп, проектор, WiFi и сл.) која сакате да ја користите за време на обуката е достапна и функционална. Проверете однапред дали знаете како да ракувате со опремата.

### 7.5. Безбеден простор за обука

Заедницата на сексуални работници секојдневно се соочува со стигма и дискриминација. Тие се изложени на секојдневни осуди и неправедни третмани од страна на општеството и институциите, како и во своето блиско опкружување поради нивната инволвираност во сексуалната работа, родовиот идентитет, сексуалната ориентација, здравствениот статус, етничката припадност, потеклото и националноста. Затоа е многу важно да се креира безбеден, удобен простор за обука, во кој сексуалните работници нема да се чувствуваат загрозено по ниту еден од горенаведените основи.

Како една од алатките која може да ви помогне околу креирањето на безбеден простор за учесниците се следниве примери на правила кои Вие како обучувач треба да ги почитувате:

Почитувајте ги учесниците. Многу е важно сите учесници да добијат еднаков третман, без разлика на нивниот статус, етничка припадност, род, пол, сексуална ориентација и сл.

- **Не осудувајте!** Бидете отворени за разговор со секој од учесниците. Не претпоставувајте дека го знаете идентитетот, животното искуство или пак историјата на некој од учесниците, дозволете самите сексуални работници да споделат со вас доколку сакаат.
- **Почитувајте ја приватноста.** Не ги прашувајте учесниците за нивното минато, партнери, интимни односи, сексуални практики, имиња и сл. без нивна претходна дозвола.
- **Почитувај ги различностите.** Сите лични идентитети, мислења, ставови и искуства се подеднакво валидни и важни.
- **Бидете доверливи.** Не ја откривајте интимноста на учесниците. Сите искуства, информации и мислења споделени за време на обуката треба да останат доверливи и забрането е нивно споделување со други лица.
- **Зборувајте јасно и разбирливо.** Внимавајте како им се обраќате на Вашите учесници, потребно е да користите јазик кој ќе биде разбирлив и јасен за сите, со цел истите да го разберат она што го зборувате.

### 7.6. Интеракција со учесниците

Предвидената обука со сексуални работници ќе биде успешна само ако е постигната успешна интеракција со учесниците. Ова подразбира активно вклучување на сексуалните работници за време на сесиите како и работните задачи и вежби. За да се постигне посакуваната интеракција со учесниците потребно е:

- **Мотивирање на учесниците преку различни активности и стимулирачки вежби.** Обидете се да го поттикнете учеството и да ја олесните вклученоста на сите учесници на обуката преку интерактивни вежби во кои ќе се вклучат сите учесници распоредени во помали групни дискусии.
- **Отворен пристап.** Доколку сметате дека е во ред, исто така можете да им пристапите за време на паузата и да прашате дали се чувствуваат безбедно во групата и да побарате од нив да се ангажираат. Запомнете, не треба да бидете упорни во тоа, сепак некои луѓе не се чувствуваат удобно да зборуваат. Не се обидувајте да ги натерате да зборуваат доколку сметаат дека не се подготвени да се вклучат во дискусија.
- **Воспоставување коректен однос со учесниците.** Внимавајте, никогаш да не доминирате за време на сесиите и да им оставите простор на учесниците да ги кажат своите мислења. Исто така, многу е важно да ги земете во предвид сите коментари и повратни информации дадени од страна на учесниците.
- **Воспоставување коректен однос помеѓу учесниците.** Колку што е важно за еден обучувач да има коректен однос со своите учесници, исто така многу е важно учесниците да се почитуваат меѓусебно. Доколку забележите дека некој од учесниците во групата доминира или пак постојано зборува, најљубезно замолете го да им отстапи време на останатите учесници да зборуваат.
- **Добивање повратни информации.** Пред почетокот на обуката прашајте ги учесниците за нивните очекувања и потреби. Слушнете ги нивните мислења и потреби и доколку е возможно спроведете ги во текот на сесиите. Доколку не можете да направите промени во програмата за работа, земете ги во предвид нивните предлози за некоја наредна обука која ќе вклучува иста или слична група на учесници.
- **Евалуација.** Многу е важно однапред да испланирате стратегија за проценка на Вашата обука. Можете да го оцените знаењето на вашите учесници користејќи формулари за евалуација, пред и пост-тест, кратки прашалници и сл. Со анализа на информациите добиени од страна на учесниците, ќе имате можност подобро да се подговите за следната обука.
- **Дебрифинг.** По завршувањето на обуката, спроведете сесија за дебрифирање помеѓу обучувачите и активистите во заедницата. Идентификување на силни и слаби страни од веќе спроведената обука, како и научените лекции ќе Ви овозможат да реализирате поуспешна обука во иднина.

## 7.7. Вовед во обука

Почетната сесија е важен сегмент на секоја обука. Пред започнување на обуката потребно е да се одвои време за претставување на учесниците и обучувачите или организаторите. Креирањето на безбеден и удобен простор, поставувањето на целите и правилата кои треба да се следат и почитуваат за време на работните сесии како и одговарањтое на сите организациски и логистички прашања се дел од една почетна сесија за успешна реализација на обуката.

Претставувањето на учесниците и обучувачите има за цел да оствари меѓусебна конекција која ќе трае за време на целата обука.

Чекори кои треба да ги следите за време на почетната сесија се следниве:

**Официјално отворање и претставување на обучувачите**

Посакајте им добредојде на учесниците и започнете со личното претставување. Кажете го Вашето име и презиме, од која организација/здружение доаѓате, работната позиција, која е Вашата улога за време на обуката и секако доколку сакате можете да им откриете и некои детали од вашиот личен/приватен живот со цел да направите удобна и опуштена атмосфера за работа. Исто така, многу е важно да ги споделите целите и задачите на обуката со учесниците.

**Регистрација на учесниците**

Пред да започнете со обуката, замолете ги учесниците да ги пополнат формуларите за регистрација (Види прилог 1: Пример на регистрација на учесници)

Формуралот за регистрација содржи:

- Име на обуката/работилницата/семинарот
- Организатор
- Место и датум на одржување
- Листа на учесници

Замолете ги учесниците да ја пополнат листата на учесници внесувајќи ги своите лични податоци. Објаснете им на учесниците како се чуваат, дистрибуираат и користат листите на учесници. Секој од учесниците има право да не ги сподели своите лични информации доколку не сака. Листата на учесници ги содржи следниве информации:

- Име и презиме на учесникот*
- Организација од која доаѓаат
- Професија
- Телефон
- Емаил адреса
- Потпис

*Напоменете им на учесниците доколку не сакаат да го напишат своето име и презиме, може да користат и псевдоними. Псевдоним е фиктивно име што се користи од страна на лице, а понекогаш и група со цел да го сокрие вистинскиот идентитет.

**Претставување на учесниците**

Обучувачот ги замолува учесниците да се претстават пред групата. Побарајте од секој учесник да го каже своето име или псевдоним, од каде доаѓа и кои се неговите/нејзините интереси и очекувања. Со цел да го направите претставувањето понеформално, може да користите и стимулирачки вежби.

Примери за стимулирачка вежба за меѓусебно запознавање на учесните:

**Вежба Бр.1: Име и факт**

Времетраење: 15 минути

Сите учесници седат во круг. Првиот учесник треба да го каже своето име и еден факт за него (омилена храна, најрано сеќавање, адреса, итн.) Вториот учесник повторува што кажал првиот учесник, поточно го кажува името и фактот и продолжува со кажување на сопственото име и факт. Последниот учесник ќе треба да ги каже имињата и фактите на сите учесници. По завршување на сите учесници, се замолуваат сите учесници да ги сменат своите места на седење и се замолува еден волонтер да се обиде да ги каже имињата на учесниците и фактите кои претходно ги споделија.

**Вежба Бр.2: Кој сум јас?**

Времетраење: 25 минути

Потребни материјали: хартија А4 формат, пенкала, маркери

Учесниците се делат на две групи. Секој учесник добива еден бел лист на кој треба да го напише фактот за себе од вежбата име и факт и уште два други факти за себе. На пример, имам милениче куче; сакам да јадам пица; роденден ми е во мај. Секој учесник во својата екипа ги кажува трите факти кои ги напишал. Обучувачот ги собира картичките од двете екипи во два купа. Извлекува една картичка и ги чита напишаните факти и спротивниот тим треба да погоди за кого се работи. Секој тим добива поени, доколку се погоди личноста на првиот факт добиваат 5 поени, на вториот 2, на третиот 1 и 0 доколку не ја погодат личноста. Тимот со повеќе поени победува.

**Групни правила**

Креирањето групни правила има за цел да обезбеди продуктивна работа во текот на обуката, ќе придонесе кон остварување на целите и задачите и ќе помогне во развивање на динамична и конструктивна работна група. Обучувачот заедно со учесниците ги развиваат групните правила според кои ќе се водат во текот на целата обука. Овие правила треба да се почитуваат како од учесниците, така и од страна на обучувачите.

Заедно со учесниците, обучувачите ги објавуваат правилата и ги запишуваат на флипчарт. Правилата треба да бидат случајно предложени од страна на учесниците. Обучувачите додаваат некои задолжителни правила, кои не се предложени од групата.

Препораки за групни правила:

- **Користење телефони** - Телефоните треба да бидат исклучени или ставени на нечујно.
- **Ознака за име** - Секој од учесниците треба да го напише своето име или псевдоним на лист хартија и да ја стави пред себе.
- **Дозвола за фотографирање** - Сите учесници треба да дадат согласност за фотографирање, како и за понатамошна употреба на нивните фотографии од страна на организаторите (на пример, во публикации, на вебстраницата на организацијата или социјалните мрежи). Доколку некој од учесниците изјави дека не сака да се фотографира, обучувачот треба ја означи личноста, како на пример со ставање на симбол за забрана за фотографирање до ознаката за име.
- **Толеранција/ меѓусебно почитување** - Сите учесници треба меѓусебно да се почитуваат и да имаат пријателски и толерантен однос кон ставовите и мислењата на другите луѓе.
- **Правило „еден зборува други слушаат"** – Ова правило е од суштинско значење за успешна меѓусебна комуникација. Дозволете му на другиот да го искаже своето мислење без да му упаднете во збор. Ова правило важи подеднакво и за обучувачот и учесниците.
- **Времетрање на сесија** - Секоја сесија треба да започне и да заврши строго во согласност со времето наведено во агендата.
- **СТОП правило** - Во случај ако дискусијата излегува надвор од фокусот на предвидената тема или пак станува премногу емотивна, обучувачите можат да го користат ова правило и да ја прекинат дискусијата.
- **Индивидуален излез/влез** - Секој учесник може да ја напушти просторијата за време на сесиите, доколку има потреба од тоа, но учесниците не треба да го прават тоа по двајца, тројца или во поголеми групи.
- **Доверливост** – За сè што се случува или разговара за време на обуката не треба да се открива или дискутира надвор од работната просторија. Ова се однесува на лични информации, а не се однесува на теоретски информации пренесувани за време на обуката. Ова правило им овозможува на учесниците да се чувствуваат слободно и да имаат доверба во групата.

Разговарајте со учесниците за секое од предложените групни правила и замолете ги да дадат согласност или пак свој предлог. Правилата можете да ги напишете на флипчарт и да ги поставите на видливо место во просторијата.

**Пополнување на пред евалуационен тест**

На секој од учесниците им се дава доверлив формулар на пред-тест за проценка на знаењата. Формуларите за проценка на знаењето треба да се развиваат посебно и согласно интересите и потребите на секоја целна публика. Пред-тестот има за цел да го покаже степенот на знаење кој учесниците го поседуваат пред започнување на обуката. Учесниците треба да одговорат на прашањата кои се вметнати во тестовите. Пред да започнат со одговарање на прашањата од пред-тестот, најавете им на учесниците во групата дека ова не е испит и дека нема точен или неточен одговор во прашалникот. Напоменете им на учесниците дека покрај се, тие се тука за да научат. **(Види прилог 2: Пример за пред-тест)**

**Пополнување на пост евалуационен тест**

По завршување на обуката на секој од учесниците им се дава доверлив формулар на пост-тест за проценка на знаењето. Пост-тестот има за цел да го покаже степенот на знаење кој учесниците го поседуваат по завршување на обуката. Пополнувањето на пост-тестот ќе им помогне во унапредување на знаењето од вакви или слични области на следни работилници, тренинзи или семинари. **(Види прилог 3: Пример за пост-тест)**

**Пополнување на прашалник за евалуација**

По завршување на обуката, покрај пост-тестот, на учесниците им се дава и прашалник за евалуација за оценка на очекувањата и задоволството од страна на учесниците од презентираните информации и сите логистички детали за време на обуката. **(Види прилог 4: Пример за прашалник за евалуација)**

**Официјално затворање и доделување на сертификати**

На официјалното затворање на обуката, заблагодарете им се на учесниците за нивното присуство и одвоеното време. Потоа започнете со доделување на сертификатите на секој од учесниците, секако доколку истите се предвидени за Вашата обука.

# Модул 1
# Застапување и активизам кај сексуалните работници

*Историја на активизмот на сексуалните работници, стратегии за застапување и организирање јавни настани и протестни маршови*

## 8. МОДУЛ 1: Застапување и активизам кај сексуалните работници

Сексуалните работници се неприфатени во општеството, а сепак многу малку знаат дека токму сексуалните работници се тие кои ги создале први општествените движења низ целиот свет. Сексуалните работници во Европа и во светот се организираат многу години наназад, учествувајќи на улични протести и штрајкови како реакција на затворањето на нивните работни места или поради неприфаќање на лошите работни услови. Сексуалните работници ширум светот се вклучуваат во организирани протестни маршови за борба против насилството, против стигматизација и дискриминација во сите сфери од нивното живеење, лоши политики и закони, при тоа барајќи си ги своите права, како и полесен пристап до правни и социјални услуги и здравствена заштита.

Сексуалните работници формираат заедници или здруженија кои можат да бидат разновидни и да вклучуваат мажи, жени, трансродови лица, ЛГБТИ, мигранти, самохрани родители и сл. Заедницата на сексуални работници може да биде од формален или неформален тип и може да дејствува самостојно или пак во коалиција со други здруженија и поддржувачи во своите граѓански акции за промоција на своите интереси и потреби, како и за заштита и промоција на своите права и слободи.

Активистичкото движење на една заедница на сексуални работници не е повик само за регулација на сексуалната работа во земјите каде што истата е нелегализирана или пак криминализирана, туку и активно вклучување во борбата против сите видови на насилството, хомофобијата, трансфобијата, расизмот, сексизмот, ксенофобија и други видови на дискриминација и стигма како од страна на општата јавност така и од државните институции. Бидејќи сексуалните работници се маргинализирани и социјално исклучени во општеството, истите се соочуваат со низа проблеми кои имаат големо влијание врз нивниот живот. Сексуалните работници често се исклучени од процесите на креирање на јавни политики и одлуки кои се важни за нивното здравје и благосостојба. Затоа, често сексуалните работници се здружуваат и организираат јавни кампањи како една од начините за самозастапување.

Постојат различни методи и алатки кои заедницата на сексуални работници ги користат ширум светот да ги искажат своите грижи и барања и да ги испратат своите пораки до креаторите на јавни политики и други главни донесувачи на одлуки. Најчеста метода за застапување која ја користат сексуалните работници е преку организирање на јавни кампањи и настани со цел подигнување на свеста кај општата јавност. Застапувањето, исто така може да има за цел да ја подигне јавната свест и едукација за проблемите на сексуалните работници насочени кон различни групи на граѓанското општество вклучувајќи ги феминистичките, мигрантските, ЛГБТИ организациите, како и даватели на здравствени услуги за ХИВ и СРЗ, новинари и сл.

Модул 1 има за цел да ја зголеми свеста и разбирањето за различните методи на активизам и застапување што ги користи заедницата на сексуални работници на национално и меѓународно ниво. Во ова поглавје ќе се осврнеме на историјата на активизмот на сексуалните работници, стратегии за застапување, културен активизам, градење сојузи, градење заедници, медиуми, креирање јавни настани и кампањи, директни акции и организирање протестни маршови.

Клучни информации кои треба да ги знаете од Модул 1 се следниве:

### 8.1. Што претставува активизам на сексуалните работници?

Активизмот претставува преземање соодветна акција за постигнување на определена цел како што се промени на социјално, политичко, економско или еколошко ниво. Активизмот вклучува поединци или заедници кои вложуваат напор и користат најразлични тактики со цел да дојдат до посакуваната промена во општеството и за подигнување на свеста околу некое прашање и/или влијание.[4)]

### 8.2. Историја на активизмот на сексуалните работници

Почетокот на активистичкото движење на сексуалните работници во Европа датира уште од 15-иот век, кога во германската провинција Баварија, голем број сексуални работници се собрале на масовен протест пред Градското собрание барајќи ги своите права, при тоа истакнувајќи дека сексуалната работа е само работа, а не грев, како што повеќето ја сметале во тоа време.

Во далечната 1917 година, околу 200 сексуални работници марширале во Сан Франциско, протестирајќи против одлуката за затворање на борделите. Нивниот протестен марш бил наречен „Првиот женски марш“. Една од организаторите на маршот изјавила: „Скоро секоја од овие жени тука е мајка и се зависи од неа. Нема да постигнете ништо добро со тоа што не напаѓате, наместо тоа, зошто не почнете да работите на подобрување на лошите економски услови?“

Пример за меѓусебната грижа кај заедницата сексуални работници датира уште од 19-иот век. Во Велика Британија и во Ирска, сексуалните работници се организирале во заедници и си давале меѓусебна помош, си ги делеле приходите и заедно се грижеле за своите деца. Еден новинар во тоа време забележал: „Главниот принцип на едно здраво општество е меѓусебното делење на добра ... кога во тешки времиња едно или повеќе семејства им помагаат на други. Се што заработуваат оди во една каса и од истата се обезбедуваат основните потреби за сите“.

Храброста и отпорноста на сексуалните работници игра голема улога во многубројните борби за слобода. Во 50-ите години од минатиот век, сексуалните работници биле дел од активистичкото движење познато како Мау Мау, кое довело до ослободување на Кенија од Британската колонијална влада. Во 60-ите и 70-ите години од минатиот век, сексуалните работници учествувале во бунтот кренат во неколку кафулиња во центарот на Њујорк за ослободување на ЛГБТ заедницата во САД.  Во време на брзи општествени промени, сексуалните работници често се

[4)] http://www.sexworkeurope.org/sites/default/files/resource-pdfs/hands_off_sections_1-3.pdf

наоѓале во центарот на голем број протесни акции. Во 1974 година, сексуалните работници во Етиопија пристапиле  кон новоформираната Конфедерација на слободни работни синдикати и се вклучувале во низата штрајкови кои пак придонеле за падот на владата. Во Европа, генерално активистичките движења на сексуалните работници започнале од 1975 година, кога сексуалните работници во Франција ја окупирале црквата во Лион, во знак на протест против криминализацијата, насилството и полициската опресија.

Во текот на осумдесеттите години,  движењата за права на сексуалните работници почнале да стануваат се повеќе меѓународни. Првиот и вториот Конгрес на сексуални работници се одржал во Амстердам и во Брисел, а почнале да се појавуваат и нови групи сексуални работници во Австралија, Тајланд, Бразил, Јужна Африка и Уругвај.

Во 1997 година, околу 4000 сексуални работници влегле во историјата, на првата Национална конференција на сексуални работници во Индија, организирана од страна на Durbar Mahila Samanwaya Committee (DMSC). На наредната конференција која се одржала во 2001 година, бројот на сексуални работници се зголемил на 25,000, кои биле дојдени во Калкута да си ги изнесат своите барања. Во Боливија, во 2000-та година, 35 илјади сексуални работници од сите краеви на земјата учествувале во низа колективни акции против полициското насилство и затворањето на нивните работни места. „Се бориме за нашето право на работа и за опстанок на нашите семејства", изјавила Лили Кортес, водач на Асоцијацијата на ноќните работници „Ел Алто".

Активистичкото движењето на сексуалните работници низ историјата користело различни методи за справување со насилството, стигмата, дискриминацијата, криминализацијата, лошите работни услови и недостатокот на права. Заедничкото дејствување и организирањето протести се само дел од алатките кои сексуалните работници ги користеле во борбата за препознавање на нивните човекови права.

- **Историја на СТАР-СТАР – Првиот колектив на сексуални работници на Балканот**

*Од 2007 до 2010 година, СТАР-СТАР претставуваше активистичко движење на група млади луѓе кои имаа една заедничка цел – унапредување и промоција на правата на сексуалните работници во Македонија, притоа активно вклучувајќи ги лицата од сексуалната индустрија во имплементација на своите активности.*

*Со намера да ја промовира важноста на цивилниот сектор во процесот на демократското управување, кон средината на 2010 година СТАР-СТАР поднесе иницијатива за влез во Централниот регистар на Р.С.М. На 25.05.2010 година СТАР-СТАР беше заведен во Централниот регистар како Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР.*

*Во 2011 година, во соработка со блиски партнери и поддржувачи СТАР-СТАР почна да работи на организацискиот развој на СТАР-СТАР, да ги зајакнува организациските капацитети и да ја мобилизира заедницата.*

*Главни цели на организацијата се заштита и унапредување на правата на сексуалните работници, борба против дискриминацијата и стигмата со кои тие секојдневно се соочуваат, како и застапување на заедницата сексуални работници за*

*промена во репресивната законска рамка и негативните социјални ставови кон сексуалната работа.*

*Со матично седиште во Скопје, СТАР-СТАР започнува со мобилизација на сексуалните работници низ повеќе региони во Република Северна Македонија, поддржувајќи ги локалните лидери и зајакнувајќи ги членовите на заедницата и во други градови, вклучувајќи ги и Струмица, Гостивар, Тетово и Струга. Настојувајќи да создаде поволна средина за растење и унапредување на заедницата, ги вклучува сите сексуални работници во своите активности, без оглед на нивниот пол, род, сексуална ориентација, етничко потекло, верска припдност, социјален и работен статус.*

*СТАР-СТАР во периодот од април до мај, 2016 година, спроведе истражување за потребите и проблемите на сексуалните работници во два региони (северозападниот и југоистичниот) во РС Македонија. Како цел на ова истражувањето беше постоењето на сервиси и нивното користење од страна на сексуалните работници од Гостивар и Струмица во делот на социјалната, правната и здравствената заштита, како и пристапот на полицијата. Покрај основната цел на истражувањето, беа опфатени и други аспекти кои се од интерес на заедницата сексуални работници, односно делот на доброволната сексуална работа, препознавањето на дискриминацијата, познавањето на основните човекови права и познавањата од правата за социјална заштита.*

*Анализата на состојбата и потребите на сексуалните работници во Гостивар и Струмица поттикна да се роди нова идеја на СТАР-СТАР, т.е да започне со формирање на два ограноци: СТАР – Запад и СТАР – Исток. Од мај 2016, СТАР-СТАР започна со реализирање на овој нов проект и воспоставување на ограноци во Гостивар и Струмица.*

*На 22 Јули, 2018 година СТАР-СТАР ја отвора регионалната канцеларија во Гостивар, кој е географски лоциран централно во западниот дел од државата, како база за поддршка на сексуалните работници кои живеат и работат во овој дел од земјата.*

*Денес, СТАР-СТАР е дел од Граѓанскиот сектор промовирајќи ги своите аспирации, придонеси и потреби, стремејќи се кон отворено општество кое знае да ги препознае, прифати и почитува различностите.*

*СТАР-СТАР и сексуалните работници веруваат дека почитувањето на основните човекови права и слободи и правото на слободен избор на професија се основните принципи за здраво, толерантно и слободно општество.*

### 8.3. Што претставува застапување на правата на сексуалните работници?

Застапувањето на правата на сексуалните работници претставува било каква акција која има за цел да донесе посакувана промена во политиката или законодавството за сексуалната работа. Застапувањето на правата на сексуалните работници преставува процес на поврзани дејства кои кога се комбинираат донесуваат промени за некое политичко или социјално прашање. Креаторите на политики и други клучни носители на одлуки треба да ги земат предвид потребите и правата на сексуалните работници во креирањето на своите политики. Застапувањето вклучува јакнење на свеста, едукација и комуникација за промена на некое општествено влијание или однесување[5)]

### 8.4. Стратегии за застапување на правата на сексуалните работници

Искуството на сексуалните работници покажува дека застапувањето на правата на сексуалните работници е успешно кога се има јасно дефинирана цел (што сакаме да постигнеме) со превземање на реални акции и употреба на соодветни средства и вклучување на клучни актери за реализирање на тие акции. Застапувањето на правата на сексуалните работници секогаш треба да биде насочено кон одредена група луѓе барајќи од нив да ги направат конкретните промени кои се посакувани од страна на заедницата на сексуални работници.

### 8.5. Начини на застапување и лобирање

Заедницата на сексуални работници во РС Македонија користи повеќе алатки за застапување и лобирање кај општата јавност и институциите. Преку учество на трибини, работни состаноци, тркалезни маси, сексуалните работници јавно говорат за проблемите и потребите на заедницата. Потоа преку креирање на јавни настани, видео активизам, споделување на активности на социјалните мрежи, профили и медими, едукативни работилници како за зајакнување на заедницата, така и работилници наменети за сите засегнати страни како што се социјални, правни и здравствени работници, новинари, претставници од полиција и сл, и одбележување на денови кои се значајни за заедницата се работи на подигнување на свеста кај општата јавност и **се промовира сексуалната работа како слободен избор на професија**. Со истражување на ставовите помеѓу сексуалните работници во однос на правните законски рамки за регулација на сексуалната работа во РС Македонија, како и едукативни работилници за модели за регулација и активизам за заедницата се работи на подобрување на законската легислатива која ги таргетира сексуалните работници. Со креирање на активности за застапување и регулирање на сексуалната работа во РС Македонија се работи на зајакнување на капацитетите на заедницата за антидискриминација и депенализација/декриминилизација на сексуалната работа. Со организирање работилници за подигнување на свеста кај сексуалните работници за основните човекови права и документирање на случаи на прекршување на правата на сексуалните работници во континуирана соработка со други граѓански организации се зголемува превенцијата и реакцијата против насилството врз сексуалните работници.

---

[5)] http://www.sexworkeurope.org/sites/default/files/resource-pdfs/hands_off_sections_1-3.pdf

- *Сексуалните работници во РС Македонија бараат депенализација и декриминализација на сексуалната работа како законска реформа. Сексуалните работници лобираат кај политичките партии и институциите сметајќи на нив како потенцијални сојузници во борбата против дискриминацијата и стигматизацијата, како и за заштита на нивните основни човекови права.*

### 8.6. Креирање јавни настани и кампањи

Организирање јавни настани и кампањи е еден од начините за застапување како и за развивање на активизам кај сексуалните работници. Во суштина, кампањите се организиран континуиран напор за постигнување одредена социјална правда или општествена промена. Кампањите се дефинирани од претходно определени цели како што на пример: подигнување на свеста кај општата популација во однос на некое социјално прашање, намалување на стигмата и дискриминацијата, промена на законите кои ја таргетираат сексуалната работа и сл.

Организирањето јавни настани и кампањи имаат за цел да вршат постојан притисок на подолг период. Затоа е многу важно да се земат предвид сите компоненти за организирање на успешна кампања, а тоа се:

- идентификување на проблемот;
- дефинирање на целната група;
- воспоставување стратешки цели;
- проценка на ресурсите и моменталната состојба;
- регрутација, т.е. мобилизирање голем број луѓе кои ќе учествуваат во кампањата од членови на заедницата, па се до активисти, партнери, поддржувачи и сл.;
- комуникација со медиуми (покани, соопштенија, прес и сл.);
- ресурси кои се потребни за спроведување на кампања (финансии, време, човечки ресурси, енергија и сл.);
- спроведување на акцијата;
- промоција на кампањата (пред, за време, потоа со користење на социјални медиуми).

Кампањата има за цел да го адресира проблемот на сексуалните работници до клучни донесувачи на одлуки, при тоа да овозможи поддршка од потенцијални активисти и секако општата јавност (или други целни групи). Кампањата може да ги вклучува следниве акции:

**Едукација:** Делење промотивни материјали и пакети, организирање едукативни работилници, користење социјални медиуми за пренесување на пораката, изработка предлог проекти до политички и/или граѓански организации, пишување статии за заедницата на сексуални работници во весници и блогови.

**Јавни демонстрации:** Организирање протестни маршови, организирање јавни настани (културни, уметнички и сл.), поставување јавни штандови, организирање давање соопштенијапред медиуми, креирање постери и банери, директни акции вклучувајќи јавни блокади и сл.

- *СТАР-СТАР – Првиот колектив на сексуални работници на Балканот традиционално секоја година организира кампања по повод одбележувањето на 17-ти декември – Меѓународниот ден за борба против насилството врз сексуалните работници. Кампањата се состои од протестен марш на Црвениот чадор, делење на црвени чадори како глобален симбол на сексуалната работа, делење на промотивни материјали, и организирање на уметнички перформанси. Целта на кампањата е да се подигне јавната свест за постоењето на голем број на сексуални работници во Р. С. Македонија и да се потенцира застрашувачката состојба за безбедноста и супстандардните услови во кои тие живеат и работат, како и да се намали дискриминацијата и насилството со кои секојдневно се соочува оваа маргинализирана група. Покрај овој значаен ден, сексуалните работници во нашата земја ги одбележуваат и 3-ти март, Меѓународниот ден на правата на сексуалните работници, 1-ви мај, Меѓународниот ден на трудот и 2-ри јуни, Меѓународниот ден на сексуалните работници.*

## Примери за вежби и активно вклучување на учесниците:

**Power point презентација Бр.1:** ***Активизам на сексуалните работниции и стратегии за застапување***

Изработете Power Point презентација во која ќе ги вклучите клучните компоненти опишани погоре во Модул 1, а кои се однесуваат на активизмот на сексуални работници и стратегиите за застапување на правата на сексуалните работници.

Времетраење: 40 минути, вклучувајќи го и делот на дискусија по завршување на презентацијата.

Потребни материјали: лаптоп, проектор, нотеси или тефтери за учесниците, пенкала

**Вежба Бр.1:** ***Разработување работен план за застапување***

Времетраење: 60 минути

Потребни материјали: флип чарт табла, стикери, хартија А4 формат, пенкала, маркери

Одберете тема заедно со Вашите учесници на која ќе разработувате потенцијален план за застапување. Застапувањето на правата на сексуалните работници е сложен процес и бара време и внимание. Постојат два важи чекори кои треба да се земат предвид при застапување на правата на сексуалните работници:

– Идентификување на проблемот и што сакате да постигнете;

– Земање во предвид на работите кои треба да се направат за да ја постигнете целта.

Побарајте од учесниците да запишат на стикери (или лист хартија) поединечно три главни проблеми со кои се соочува заедницата на сексуални работници, а се поврзани со повреди на човековите права и слободи на сексуалните работници во нивната земја. Дајте им доволно време да размислат и замолете ги да го споделат напишаното со групата. Стикерите може да ги залепите на флип чарт за да можат учесниците да ги гледаат за време на сесијата.

Обидете си да ги групирате идентичните или истите проблеми наведени од страна на учесниците во категории. По мапирањето на сите идеи, замолете ги учесниците да им дадат приоритет на оние за кои би сакале да разговараат подетално и за кои би сакале да развиваат потенцијален план за застапување. Во зависност од бројот на учесниците во групата, поделете ги учесниците во помали групи за да работат на одреден проблем.

Побарајте од секоја група да разговара за следните прашања во врска со темата која ја одбрале:

- Дали прашањето навистина влијае врз животот на сексуалните работници во земјата? Како го знаете тоа?

- Дали проблемот влијае на сите сексуални работници или само на одредени подгрупи?

- Дали влијанието е повеќе или помалку сериозно во споредба со другите потенцијални проблеми?

- Дали е реално да се обидете да го решите ова прашање?

- Дали е соодветно да се користи план за застапување со цел да се реши ова прашање? Зошто и како?

- Која е целта на застапувањето? (Дефинирајте го посакуваниот резултат кој сакате да го постигнете!)

- Кои методи на застапување би ги користеле за да дојдете до решение на проблемот?

- Кои се Вашите краткорочни и долгорочни цели? (Прецизирајте конкретни и реални активности кои помагаат да ги постигнете Вашите цели)

- Дали имате доволно капацитети, ресурси и/или партнерства потребни за да се справите со вашето прашање за застапување?

- Дали со решавањето на ова прашање ќе се промовираат правата на сексуалните работници во поширокото општество?

Откако групите ќе завршат со дискусиите, дадете им инструкции како да ги издвојат клучните точки. Потоа замолете ги да изберат една тема, т.е. проблем на кој ќе развиваат подетални акции или активности насочени кон подигнување на свеста, едукација, промена и поддршка за тоа прашање. Затворете ја дискусијата со презентација на нивниот акционен план.

**Power point презентација Бр.2: *Кампања – содржина и реализација***

Изработете Power Point презентација во која ќе ги вклучите клучните компоненти опишани погоре во Модул 1, а кои се однесуваат на реализирање на јавни настани и кампањи.

Времетраење: 30 минути, вклучувајќи го и делот на дискусија по завршување на презентацијата.

Потребни материјали: лаптоп, проектор, нотеси или тефтери за учесниците, пенкала

**Вежба Бр.2: *Планирање на кампања***

Времетраење: 75 минути

Потребни материјали: флип чарт, стикери, хартија А4 формат, пенкала, маркери

Групирајте ги учесниците во помали групи и побарајте од секоја група да развие план за кампања. Како пример може да се земе одбележување на горенаведените денови кои се од големо значење за заедницата на сексуални работници. Дајте им доволно време да размислат и замолете ги да го споделат напишаното со групата.

Побарајте од секоја група да дискутираат за следните прашања во врска со изборот на темата за организирање на кампања:

- Кои се Вашите цели и што сакате да постигнете со кампањата? (Набројте ги целите!)

- Која е Вашата порака и за кого е наменета? (Внимавајте со креирање на Вашата порака, таа треба да биде јасна и гласна со цел да остави впечаток во јавноста и да им даде до знаење што сакате и што треба да се направи)

- Како ќе влијае и врз кого ќе влијае Вашата кампања? (Направете истражување на проблемите со кои се соочува заедницата на сексуални работници и кон кого сакате да го насочите решавањето на важните прашања и проблеми)

- Кој може да работи со Вас во подготовка на кампањата? (Дискутирајте за тоа кој се може да се вклучи во организирање на вашата кампања со цел да ви даде целосна

поддршка)

- Која е Вашата моќ? (Што сметате дека ќе направите/промените со Вашата кампања?)

- Кои алатки за комуникација ќе ги користите за да ја пренесете Вашата главна порака?

- Кои активности/директни акции ќе ги вклучите во Вашата кампања и како? (Размислете каде ќе се одвиваат овие активности)

- Кои се начините да ја направите Вашата кампања одржлива на подолг период? (Размислете за стратегии или начини кои би Ви помогнале во одржување на заедницата на долг период и во целите кои сакате да ги постигнете.)

Откако групите ќе завршат со дискусиите, дадете им инструкции како да ги издвојат клучните точки. Потоа замолете ги да изберат една тема, т.е. порака за која ќе сакаат да развијат план за кампања. Затворете ја дискусијата со презентација на нивниот план.

**Вежба Бр.3:** ***Изработка на Соопштение за медиуми***

Времетраење: 60 минути

Потребни материјали: флип чарт табла, стикери, хартија А4 формат, пенкала, маркери

Групирајте ги учесниците во помали групи и побарајте од секоја група да напише пример за соопштение за медиуми. Објаснете им ја целта на вежбата и побарајте од нив да состават соопштение по повод одбележувањето на 17-ти декември – Меѓународен ден за борба против насилството врз сексуалните работници. Со цел да им ја олесните задачата, препорачливо е да им покажете пример од соопштение за медиуми **(Види прилог 5: Пример за Соопштение за медиуми)** и да ги истакнете главните делови по кои ќе се водат при составување на соопштението. Користете флип чарт табла, со цел сите учесници да имаат можност да ги гледаат за време на вежбата.

Едно прес соопштение треба да ги содржи следниве делови

- Наслов
- Поднаслов
- Вовед: резиме на клучните информации („Кој?, Што?, Зошто?, Каде? и Како?")
- Цитат
- Основни информации
- Резиме и клучни барања

Дајте им доволно време на учесниците да го напишат соопштението. Потсетете ги да

ги користат горенаведените клучни информации со цел полесно да го состават соопштението по повод одбележување на овој значаен ден за сексуалните работници. Откако ќе завршат, замолете да ги да го прочитаат напишаното пред останатите учесници. Отворете дискусија со сите учесници со давање повратни информации.

# Модул 2
# ХИВ превенција, тестирање, третман и поддршка

*Прашања поврзани со ХИВ услуги – ХИВ превенција, ХИВ тестирање и третман; можности и пречки во пристапот на сексуалните работници кон услугите поврзани со ХИВ*

## 9. Модул 2: ХИВ превенција, тестирање, третман и поддршка

ХИВ (HIV – Human Immunodeficiency Virus) е вирус кој предизвикува имунодефициенција кај човекот. Присуството на ХИВ вирусот во човечкиот организам доведува до уништување на одбрамбената способност (имунитетот), поради што организмот станува неспособен да се брани од различни болести и инфекции. СИДА (Acquired Immunodeficiency Syndrome) е синдром на стекната имунодефициенција. СИДА претставува хронична заразна болест која се карактеризира со постепено намалување на отпорноста на организмот кон инфекции и е предизвикана од ХИВ вирусот. ХИВ се пренесува на три начини: незаштитен сексуален однос (без употреба на кондом), преку крвен пат, вертикален начин – од мајка на новороденче. Во следниве телесни течности кои содржат ХИВ во доволна количина може да се пренесе вирусот: крв, семена течност (сперма), претсемена течност, вагинален секрет и мајчино млеко.

Денес, на глобално ниво, со ХИВ живеат околу 34 милиони луѓе, а тоа се 17 проценти повеќе од пред 10 години. Бројот на новоинфицирани лица со ХИВ на крајот од 2010 година изнесува околу 2,7 милиони лица, што е за 21 проценти помалку во споредба со 1997 година, кога е регистриран најголемиот број на нови инфекции.

Во РС Македонија, во периодот 1987 – 2010 година се регистрирани 134 лица кои живеат со ХИВ. Во последните 5 години се регистрирани вкупно 66 лица кои живеат со ХИВ, односно 49,3% од вкупниот број регистрирани случаи во нашата држава.

Според истражувањата спроведени на територијата на РС Македонија, особено од страна на граѓанските организации се укажува на постоење ризик во однос на СПИ и ХИВ/СИДА кај сексуалните работници. Поради фактот што голем број сексуални работници и покрај развиената свест за користење на контрацептивни средства, се уште постојат случаи на присилување за давање сексуални услуги без користење заштита од страна на нивните клиенти. Ова ризично однесување најчесто произлегува од немоќноста на сексуалните работници да преговараат со сексуалните партнери за практикување безбеден секс, или пак плаќање повисока сума пари за секс без кондом или практикување на секс без кондом поради физичко насилство од страна на клиентот. Сексуалните работници истовремено може да имаат и свои постојани партнери или брачни партнери со кои не практикуваат заштитен секс. И покрај постоењето и функционирањето на превентивните програми за здравје, сеуште постои ниска свест кај сексуалните работници кои се вклучуваат во сексуалната работа. При тоа, потребно е да се зголеми нивната информираност и познавањата кај оваа маргинализирана група и подгрупите (лица кои инјектираат дрога, МСМ – мажи кои имаат секс со мажи, трансродовите лица и лица кои даваат сексуални услуги, но не се идентификуваат како сексуални работници) за СРЗП и ХИВ/СИДА.

Статистичките податоци покажаа дека ХИВ преваленцата кај сексуалните работници е ниска, но според начинот на пренесување на ХИВ вирусот, кај МСМ популацијата е поголем процентот на лица инфицирани со ХИВ. Според последната евиденција на Институтот за јавно здравје во Република Северна Македнија, бројот на мажите е двојно поголем од бројот на жените кои живеат со ХИВ, со што се заклучува дека

дека мажите кои имаат секс со мажи (МСМ) се една од групите со висок ризик за пренос на ХИВ.

Здравствените установи во РС Македонија кои нудат услуги за сексуално и репродуктивно здравје ја немаат потребната доверба на сексуалните работници поради фактот што медицинскиот персонал не е доволно сензибилизиран и не ги разбира потребите на оваа маргинализирана заедница. Услугите за сексуално и репродуктивно здравје кои ги користат сексуалните работници се дел од сервисите на здруженијата на граѓани, а од друга страна, достапноста до сервисите од јавното здравство е ограничена за сексуалните работници. Ова се должи во најголема мера на стигмата и дискриминацијата која што сексуалните работници ја имаат искусено од здравствените работници кои се даватели на здравствени услуги. Поради ова, потребно е да се сензибилизираат здравствените работници со цел истите да им овозможат адвекатен и полесен пристап до здравствени услуги.

Модул 2 има за цел да понуди информации кои се неопходни за нудење услуги поврзани со ХИВ – превенција, тестирање и третман за заедницата на сексуални работници. Во овој модул ќе ги разгледаме различните стратегии за ХИВ тестирање достапни во нашата земја, компонентите на интервенции за превенција од ХИВ за сексуалните работници, насоките за третман на ХИВ и можности и пречки во пристапот на сексуалните работници кон услугите поврзани со ХИВ.

Клучни информации кои треба да ги знаете од Модул 2 се следниве:

### 9.1. ХИВ превенција

Превенцијата од ХИВ се однесува на различни практики за спречување на ширењето на ХИВ / СИДА. ХИВ превенцијата е од клучно значење за сексуалните работници, бидејќи го зголемува знаењето за начинот на пренос на ХИВ, им овозможува да се заштитат од ХИВ инфекцијата, како и да добијат информации во однос на услуги поврзани со ХИВ тестирање, третман и нега.

ХИВ превенцијата за сексуалните работници се состои од:

- **Промоција за правилна и редовна употреба на машки (за вагинален, анален и орален секс) и женски кондоми и лубриканти на база на вода**. Кондомот претставува единствено и најсигурно контрацептивно средство, кое исотврремено штити и од непланирана бременост и од СПИ (сексуално преносливи инфекции), вклучувајќи го и ХИВ.
- **Едукација за ХИВ и СПИ.** Едукацијата на сексуалните работници подразбира редовни едуактивни работилници за зголемување на свесноста кај оваа заедница во однос на заштита од ХИВ, навремена превенција, третман и нега, како и зголемување на опфатот со ХИВ тестирање.
- **Тестирање, дијагноза и третман за ХИВ и СПИ.** Навременото тестирање за ХИВ, пропратено со квалитетно пред-тест и пост-тест советување, соопштување на резултатите, објаснувањето на значењето на резултатите, третманите за ХИВ и понатамошната нега и поддршка се од суштествено значење за сексуалните работници како дел од процесот за ХИВ превенција.
- **Употреба на АРТ (антиретровирусна терапија) за ХИВ кај позитивни луѓе.** Употребата на антиретровирусна терпија за ХИВ кај позитивни лица делува како превенција. Тоа значи дека вирусот не може да се пренесе од лицата што имаат ХИВ доколку тие редовно примаат АРТ и постигнале т.н. недетектабилно ниво на вирус
- **Употреба на АРТ (антиретровирусна терапија) за ХИВ кај негативни луѓе.** Како профилакса (заштита) од ХИВ во одредени ситуации може да се употребат следниве стратеги:
  - употреба на ПрЕП (предекспозициска профилакса), како заштита пред изложување на вирусот. Оваа интервенција вклучува превенција на ХИВ инфекцијата кај луѓе кои немаат ХИВ, меѓутоа се под голем ризик да се инфицираат со редовно земање на профилакса (заштита) во вид на таблета.

• употреба на ПЕП (постекспозициска профилакса), како заштита по изложување на вирусот. Оваа интервенција вклучува земање на антиретровирусни лекови најдоцна до 72 часа од изложување на ризикот во периодот од 28 дена.

Овие стратегии на заштита во моментов не се редовно достапни во РС Македонија за широката популација.

• **Стратегии за намалување на штети кај сексуалните работници кои користат droги:**

• Програми и едукација за правилна употреба на опрема за инјкетирање на дрога. Приборот кој се користи за инјектирање на дрога како што се игла, кукер и шприц треба да бидат стерилни.

• Програми за користење безбедна опиоидна супституциона терапија.

• Советување за употреба на супстанции базирани на докази.

• **Навремено откривање и превенција на ХИВ кај бремени жени:**

• Навремено откривање на ХИВ кај бремена жена или жена која планира бременост.

• Навремено отпочнување на АРТ (антиретровирусна терапија) кај жена која живее со ХИВ пред или во текот на бременоста.

• Примена на соодветни медицински протоколи при породување.

• Избегнување на доење на детето од жена која живее со ХИВ.

### 9.2. ХИВ тестирање, третман, нега и поддршка

Единствениот начин да се знае дали некое лице е заразено со ХИВ е примената на ХИВ тестирањето. ХИВ тестирањето е од суштинско значење, бидејќи во зависнот од резултатот, тоа води кон навремена терапија и соодветна нега и поддршка.

ХИВ тестирањето е постапка на земање телесна течност од индивидуата за потврда или отсуство на ХИВ инфекцијата. За ХИВ тестирање се користат индиректни тестови (брзи или стандардни) засновани на барање антитела против ХИВ во крвта, плунката или урината. Резултатите од позитивен брз или стандарден тест мора да бидат соодветно потврдени со дополнителен конфирматорен тест во согласност со националните протоколи за потврда на дијагноза на ХИВ.

Услугите за ХИВ тестирање мора да бидат придружени со советување и споделување на соодветни и висококвалитетни информации пред и после тестирањето, како и обезбедување на ефективни упатувања до соодветни услуги за третмани, терапии, програми за долгорочна заштита, нега и поддршка.

Советувањето како дел од процесот на ХИВ тестирање им овозможува на индивидуите преку дискусија да го анализираат сопствениот ризик за пренос на ХИВ и можните начини за негово намалување, да добијат информации за ХИВ, како и поддршка. Се одвива во форма на пред-тест советување и пост-тест советување. Информациите и проценката на ризикот, направени во пред-тест советувањето им помагаат на индивидуите дали да го направат ХИВ тестот или не. Во текот на пост-тест советувањето, индивидуите се информираат за резултатите од нивниот ХИВ

тест, за можностите за намалување на ризичното однесување, како и поддршка и евентуално препраќање.

Од суштинско значење е ХИВ тестирањето и советувањето да се придржуваат до основните принципи на доброволност, доверливост, приватност и еднаквост. ХИВ тестирањето мора да биде доброволно, иницирано од страна на самите клиенти. Услугите за тестирање и советување за ХИВ мора да бидат доверливи, што значи дека потребно е давателите на услуги да овозможат доверливост на целиот процес на советување и тестирање и дискусијата помеѓу давателот на здравствена услуга и клиентот да остане строго приватна. Сите клиенти мора да бида третирани на еднаков начин без разлика на ХИВ статусот, социјалниот статус, образованието, родовиот идентитет, сексуалната ориентација, возраста, етничката или религиозната припадност, која било вид на попреченост или која било друга лична или општествена карактеристика.

Третманот за ХИВ вклучува користење на антиретровирусна терапија (АРТ) која ја намалува репродуктивноста на ХИВ вирусот во организмот и го зајакнува имунитетот. Со отпочнување на АРТ терапијата, бројот на копии на вирусот во крвта (вирусни честички кои можат да нападнат здрави CD4 клетки) почнува да опаѓа и обично во период од околу 6 месеци по отпочнувањето, тој број може да стане помал од 40 копии на 1мл. Апаратите не можат да ги избројат вирусните честички чиј број е под 40, па затоа во овој случај се вели дека резултатот е недетектабилен, т.е. немерлив. Токму и тоа е и целта на антиретровирусната терапија: количеството на вирус во крвта да стане или немерливо или да се одржува во многу ниска вредност.

Под антиретровирусната терапија се подразбира земање комбинација од 3 лекови, понекогаш и 4 или повеќе, од кои секој на ралзличен начин го спречува вирусот во неговото размножување. На тој начин, од една страна го сузбива ХИВ вирусот во организмот, а од друга страна се намалува можноста вирусот да стане отпорен на некој од лековите. Пристапот до третман за ХИВ има огромно значење за заштитата на јавното здравје, вклучувајќи го и здравјето на сексуалните работници, бидејќи ги намалува шансите за пренос на инфекцијата по сексуален пат и до 96%.

Во однос на негата и поддршката за лицата кои што живеат со ХИВ, како суштински елементи што им овозможуваат на овие лица да го заштитат сопственото сексуално и репродуктивно здравје ги издвојуваме следниве:

- **Позитивна превенција.** Позитивната превенција ги нагласува следниве 4 водечки принципи: промоција и заштита на човековите права на луѓето кои што живеат со ХИВ, активно вклучување на луѓето кои живеат со ХИВ во процесите на носење одлуки кои директно ги засегаат нивните животи, заедничка сопственост и одговорност за намалување на ХИВ преносот и препознавање на различните потреби на луѓето кои живеат со ХИВ.

- **Психосоцијална поддршка.** Психосоцијалната поддршка се однесува на справувањето со моменталните психички и социјални проблеми со кои се соочуваат лицата кои живеат со ХИВ, нивните партнери, семејства и сите оние кои се засегнати од ХИВ.

- **Врсничка поддршка.** Врсничката поддршка се нуди од страна на обучени лица од самата заедница. Оваа поддршка е директна и се нуди лице во лице, преку интернет или телефон, а исто така преку посета дома или во болница.

### 9.3. Пречки во пристапот на сексуалните работници кон услугите поврзани со ХИВ

Сексуалните работници многу често се соочуваат со предизвици при пристапот до услуги поврзани со ХИВ, од превенција до третман. Како главни пречки за пристап до услуги поврзани со ХИВ за сексуалните работници се следниве:

- Ограничена достапност на програмите за превенција на ХИВ за сексуалните работници, вклучувајќи ги и промоцијата на кондоми и лубриканти и обезбедување на таргетирани информации и едукација за ХИВ и СПИ.

- Присуство на дискриминација и стигма во рамките на обезбедување на услуги за ХИВ.

- Неинклузивност во постоечките програми за ХИВ превенција.

- „Криминализација на кондоми“: кондомите се користат како доказ од страна на полицијата за да се оправда притворањето или апсењето на сексуалните работници.

- Тешко достапни или недостапни услуги за намалување на штети кај сексуалните работници кои користат дроги.

- Недостаток на доверливост/анонимност при давање на услуги за ХИВ.

- Задолжително и присилно тестирање на ХИВ.

- Репресивни закони кои влијаат врз подгрупите на заедницата на сексуални работници.

- Немање поддршка од страна на социјалната средина: социјална и економска маргинализација, дискриминација, стигма, насилство и злоупотреба.

- Ограничен пристап и достапност на здравствени услуги во здравствените установи.

- Дискриминаторски пристап и третман од страна на здравствените работници во здравствените установи.

- Институционално исклучување од здравствените услуги.

- Ограничен пристап до АРТ (антиретровирусната терапија) и лекови.

Во РС Македонија, сексуалните работници најчесто ги добиваат здравствените услуги, вклучувајќи ги и услугите поврзани со ХИВ преку граѓански организации, додека пак истите се лимитирани и потешко достапни во јавните институции. Потешкиот пристап до услуги во јавните институции е резултат на неинформираноста на сексуалните работници за постоењето на истите во јавниот сектор, стравот од потенцијална дискриминација од страна на професионалните работници, како и намалениот кавалитет на услугите. Сексуалните работници имаат недоверба кон стручниот персонал во институциите и кај нив постои страв да пристапат кон државните институции поради недостатокот на сензибилизираност кај овие кадри. Стравот и недовербата кон институциите присутна кај сексуалните работници се јавува токму поради маргинализираната положба на сексуалната работа како работа.

◆ *Сексуалните работници мора да имаат пристап до достапни, лесно пристапни, прифатливи и соодветни услуги за превенција, третман, поддршка и грижа за ХИВ.*

Примери за вежби и активно вклучување на учесниците:

**Power point презентација Бр.1: *ХИВ превенција, тестирање, третман и грижа кај сексуалните работници***

Изработете Power Point презентација во која ќе ги вклучите клучните компоненти опишани погоре во Модул 2, а кои се однесуваат ХИВ превенција, тестирање, третман и грижа за заедницата на сексуални работници.

Времетраење: 40 минути, вклучувајќи го и делот за дискусија по завршување на презентацијата.

Потребни материјали: лаптоп, проектор, нотеси или тефтери за учесниците, пенкала

**Вежба Бр.1: *Воведување во темата „ХИВ и сексуална работа“***

Времетраење: 30 минути

Потребни материјали: претходно подготвени изјави на прашања поврзани со ХИВ, хартија А4 формат, пенкала, маркери

Целта на оваа вежба е да се воведе темата „ХИВ и сексуалната работа“ на интерактивен начин во кој активно ќе се вклучат сите учесници. Најдобро е оваа вежба да ја направите пред започнување на Power Point презентацијата за ХИВ превенција, тестирање, третман и грижа кај сексуалните работници. Оваа вежба, исто така, има за цел да ги прикаже различните перцепции и ставови на учесниците во врска со ХИВ и сексуалната работа. Со презентирање на нивните изјави и ставови, може да доведе до отворање на дебата кај учесниците за одредени прашања поврзани со ХИВ.

Објаснете им на групата учесници како ќе ја изведете оваа вежба. Прво прочитајте ги изјавите кои претходно сте ги подготвиле, а се поврзани со ХИВ, додека пак тие ќе мораат да одлучат дали се согласуваат или не се согласуваат со нив. Еден агол на собата треба да биде назначен со „ДА“ користејќи хартија со А4 формат, а другиот со „НЕ“. Во зависност од она што тие мислат, учесниците треба да се лоцираат на соодветно место во просторијата, односно ха двете места назначени со „ДА“ или „НЕ“. Објаснете им на учесниците дека нема точни или погрешни одговори и Вашата улога е само да ги прочитате изјавите и да поставувате прашања поврзани со ХИВ на кои треба да одговорат самите учесници.

Пред започнување на вежбата, прашајте дали некој од учесниците има проблеми со мобилноста. Доколку постои таквов случај, понудете му на учесникот или учесниците да останат во седечка положба и да дадат устен одговр доколку сакаат.

Следат неколку примери за изјави поврзани со ХИВ и сексуалната работа. Вие како обучувач, имате можност да го дополните овој список во зависнот од групата и интересите на учесниците:

- Сексуалните работници се повеќе ранливи на ХИВ отколку оние кои не се вклучени во сексуалната работа.

- Задолжителното ХИВ тестирање придонесува за здравјето и благосостојбата на сексуалните работници.

- Машките сексуалните работници и трансродовите лица се соочуваат со повисоки стапки на ХИВ преваленца во споредба со женските сексуални работници.

- Услугите за ХИВ и СПИ треба да бидат достапни за сите подгрупи на заедницата на сексуални работници.

- Сексуалните работници треба да ги добиваат услугите за ХИВ само преку граѓанските организации.

- Сексуалните работници не треба да се едуцираат за ХИВ и СПИ.

- Сексуалните работници не треба да користат кондоми со своите брачни партнери, само со клиентите.

- Информациите и личните податоци за сексуалните работници не треба да се откриваат за време на добивање на услуги поврзани со ХИВ.

- Сексуалните работници треба сами да си плаќаат за да добијат кондоми и лубриканти.

- Стигмата и дискриминацијата се сеуште присутни кај здравствените работници.

- Сексуалните работници имаат право на бесплатна АРТ (антиретровирусна терапија).

- Машките сексуални работници и трансродовите лица имаат пристап до едукација и потребни информации поврзани со ХИВ.

По секоја прочитана изјава, прашајте ги учесниците зошто се ставени во одредена позиција. Обидете се да направите врска помеѓу различни аргументи или ставови, но не се вклучувајте во дебатата и не оправдувајте какво било мислење. Затворете ја сесијата со информирање на учесниците за целта на вежбата, кажувајќи им дека ќе имаат повеќе можности да разговараат за овие прашања за време и по завршување на PowerPoint презентацијата.

**Power point презентација Бр.2:** ***Пречки во пристапот на сексуалните работнци кон услуги поврзани со ХИВ***

Изработете Power Point презентација во која ќе ги вклучите клучните компоненти опишани погоре во Модул 2, а кои се однесуваат на пречки во пристапот на сексуалните работници кон услугите поврзани со ХИВ.

Времетраење: 40 минути, вклучувајќи го и делот за дискусија по завршување на презентацијата.

Потребни материјали: лаптоп, проектор, нотеси или тефтери за учесниците, пенкала

**Вежба Бр.2:** ***Вежба за воведување во темата „Достапни услуги поврзани со ХИВ за сексуалните работници“***

Времетраење: 30- 45 минути

Потребни материјали: претходно подготвени изјави за услуги поврзани со ХИВ, флип чарт табла, стикери, пенкала, маркери

Целта на оваа вежба е да се процени знаењето на сексуалните работници за достапните услуги за ХИВ во нивниот контекст. Ова може да биде воведна вежба пред PowerPoint презентацијата, или пак да следи по завршување на презентацијата.

Прочитајте ги претходно подготвените изјави за учесниците, и по секоја изјава, прашајте ги учесниците дали изјавата е применлива во нивниот контекст, а се мисли на местото, градот, или околностите во кои тие работат. Вклучете ги учесниците во дискусија за предизвиците со кои сексуалните работници се соочуваат при пристапот до услугите поврзани со ХИВ со цел да ги набројат пречките. Запишете ги предизвиците и/или проблемите посочени од страна на учесниците на стикери и залепете ги на флипчарт со цел сите да можат да ги разгледаат.

Следат неколку примери за изјави поврзани со достапноста на услуги поврзани со ХИВ за сексуалните работници. Вие како обучувач, имате можност да го дополните овој список во зависнот од групата и интересите на учесниците:

- Сексуалните работници можат да добијат доброволно, анонимно и бесплатно ХИВ тестирање.

- Машките и транссексуалните сексуални работници имаат пристап до едукација за превенција од ХИВ.

- Сексуалните работници имаат пристап до ПрЕП И ПЕП заштита.

- Здравствените услуги се достапни за сексуалните работници без стигма и дискриминација.

- Здравствените услуги се достапни за сексуалните работници.

- Програми и едукација за правилна употреба на опрема за инјкетирање на дрога се достапни за сексуалните работници кои користат дроги.

- Сексуалните работници мигранти можат да пристапат до третман и грижа за ХИВ.

- Обезбедувањето услуги за сексуалните работници е приоритет во националните програми за ХИВ/ СИДА во земјата.

- Изложеноста на ХИВ не е криминализирана.

- Сексуалните работници се подложени на задолжително тестирање за ХИВ.

**Вежба Бр.3:** ***Вежба за утврдување на пречки во пристапот до услуги за ХИВ на сексуалните работници***

Времетраење: 45 – 60 минути

Потребни материјали: флип чарт табла, стикери, пенкала, маркери

Целта на оваа вежба е да се идентификуваат главните пречки и предизвици со кои се соочуваат сексуалните работници во нивниот пристап до услуги за ХИВ, како што се ХИВ превенција, тестирање и терапија во даден контекст. Исто така, оваа вежба ги поттикнува учесниците да разговараат за различни стратегии за надминување на овие бариери и предизвици.

За оваа вежба треба да имате претходно подготвен материјал на кој ќе бидат наброени услугите за ХИВ, а кои се нудат во нашата земја преку граѓански организации или здравствени институции.

Следат неколку примери за услуги поврзани со ХИВ. Вие како обучувач, имате можност да го дополните овој список:

- ХИВ тестирање;
- Пред- и пост-советување за ХИВ тестирање
- Информации, едукација и советување за прашања поврзани со превенција од ХИВ;
- СПИ тестови за бактериски инфекции (тест за гонореја, сифилис и кламидија);
- СПИ тестови за вирусни инфекции (херпес, хепатитис Б, хепатитис Ц, ХПВ – хуман папилома вирус);
- Дијагноза и третман на вирусен хепатитис;
- Превенција и третман на сексуално преносливи инфекции;
- Обезбедување пристап до кондоми;
- Обезбедување пристап до лубриканти;
- Обезбедување пристап до бесплатна АРТ (антиретровирусна терапија);
- Социјална поддршка за прашања поврзани со ХИВ/ СИДА.

Разговарајте со учесниците во однос на горенаведените услуги. Оставете им простор на учесниците да одговорат на некои клучни прашања поврзани со услугите за ХИВ, како на пример:

- Дали ги разбираат овие услуги и дали сметате дека недостасува некоја услуга која не е наведена?
- Кои од услугите што ги разгледавте пред малку мислите дека се најпотребни во моментов?
- Кои од услугите најмалку ви се потребни?
- Кои од услугите се веќе достапни за сексуалните работници?
- Каде можете да ги добиете услугите за кои разговараме во Вашиот контекст (се мисли на местото на работење/живеење)?

- Кои од услугите најчесто ги користите?

- Каков е пристапот до овие услуги?

По завршување на дискусијата, поделете ги учесниците во групи во зависност од бројот на учесници во обуката. Побарајте од членовите на секоја група да наведат по три пречки со кои се соочува заедницата на сексуални работници кога бараат пристап до услуги поврзани со ХИВ (превенција, тестирање или лекување). Поттикнете ги да дискутираат за можностите за надминување на овие бариери, т.е. што треба да се направи услугите да им станат подостапни и каква помош и поддршка е потребна за да се подобри пристапот до потребните услуги. Секоја од групите треба да ги размени своите мислења и ставови со учесниците од другите групи.

Доколку сметате дека им е потребна помош во однос на наведувањето на пречките со кои се соочува заедницата на сексуални работници, поттикнете ги на размислување, со поставување на некои од следниве прашања, дадени за пример:

- Потсетете се на случај кога Ви била потребна некоја услуга, но се покажало тешко да ја добиете или воопшто не сте ја добиле. Која беше твојата потреба, каква помош беше потребна?

- Што, според Вашето мислење, беше главната пречка за добивање на услугата/помошта која ја очекувавте?

- Со оглед на претходните искуства и искуствата на Вашите пријатели/колеги, со какви пречки очекувате да се соочите кога се обидувате да добиете некоја услуга? Разгледајте ја листата подолу, доколку нешто не е спомнато:

• различни услуги, обезбедени во различни институции;
• се плаќаат услугите;
• ставовите/однесувањето на персоналот;
• страв од насилно прогонување;
• ризик од откривање на лични податоци;
• комплексни барања (документи, задолжителна хоспитализација, регистрација во база на податоци за пациентот, ограничено работно време, регистрација);
• долги чекање;
• далеку за патување;
• не е во градот;
• зафатеност со работа;
• грижа за други лица (на пример, дете, постари членови на семејството, роднини, итн.).

- Доколку се појави некаква пречка, повеќе ќе преферирате да не ги користите овие услуги, или пак ќе се обидете повторно да ги добиете? Од што ќе зависи овој избор?

Пред завршување на вежбата, замолете ги учесниците да излезат со моќна изјава за застапување користејќи го знаењето стекнато преку оваа сесија и истите пораки да ги запишат на стикери и залепат на ѕид или флипчарт итн. Поканете ги учесниците да ги разгледаат пораките.

# Модул 3
# Човекови права и право на здравје

*Човекови права на сексуалните работници, право на здравје, прекршување на човековите права на сексуалните работници*

## 10. МОДУЛ 3: Човекови права и право на здравје

Сексуалните работници живееле на маргините на општеството низ поголемиот дел од човечката историја. Денес, заедницата сексуални работници е се уште маргинализирана. Стереотипи, навредливи имиња, стигма и општа рамнодушност кон оваа заедница сеуште преовладуваат во светот. Додека размена на секс за пари е вообичаена практика ширум светот, сексуалните работници честопати се третираат како неморални во поширокото општество.

Сексуалните работници се поединци кои се вклучуваат во секс индустријата од повеќе причини: од личен, економски и социјален аспект, што всушност претставува комбинација од причини за секој човек кој бара работа за егзистенција.

Сексуалната работа вклучува различни профили сексуални работници кои започнуваат да ја работат оваа работа под различни животни околности. Многу сексуални работници слободно ја избираат сексуалната работа за своја професија. Постојат повеќе причини поради кои сексуалните работници ја работат оваа работа - како главен извор на финансии, начин на преживување, или можност за надополнување на своите приходи. Без разлика на причините, поради непостоењето на регулиран закон на сексуалната работа во РС Македонија, се отежнува нивниот пристап до правните, здравствените и социјалните услуги, ги изложува на насилство, дискриминација и им го прекршува правото на работа и безбедност.

Сексуалните работници се особено ранливи група која постојано е дискриминирана и отфрлена од општеството. Во РС Македонија каде што се уште постои конзервативност, дискриминацијата резултира како производ на присутната неинформираноста и стигма кај поширокото општество. Сето ова доведува до сериозни повреди врз животот и здравјето на сексуалните работници, како и повреда на нивните човекови права. Стигмата и дискриминацијата врз сексуалните работници честопати доведуваат до кршење на човековите права, кои пак резултираат со високи стапки на насилство кај оваа маргинализирана заедница.

Гласовите на сексуалните работници во голема мера се отсутни од јавните дискусии и политики кои ги засегаат. Најчесто новодонесените закони и прописи за здравјето и безбедноста на сексуалните работници се прават без нивно учество и неретко се креираат закони кои ги повредуваат или негираат нивните човекови права.

Сексуалните работници обично имаат исти потреби како и сите останати луѓе, а тоа е да изградат подобар живот за себе и за своите семејства, да имаат пристап до програми за образование, јазик и писменост; да имаат можност да градат сопствени бизниси и да управуваат со своите пари; да добијат поддршка од институциите и општата јавност во отрстанување на бариерите, како и да се стави крај на нивната изолација. Како и сите луѓе, сексуалните работници треба да бидат способни сами да донесуваат одлуки за тоа како сакаат да го живеат својот живот.

Модул 3 има за цел да ја зголеми вашата свест и знаење за основните човекови права, вклучувајќи го и правото на здравје. Во ова поглавје ќе се запознаете повеќе за општите концепти на човековите права, нивните главни карактеристики и клучните инструменти кои го идентификуваат и зачувуваат секое право на човекот. Исто така, ќе разговараме за тоа што значат човековите права во пракса и зошто се тие важни за заедницата на сексуални работници, како на глобално ниво така и во нашата земја. Потоа, ќе го истражиме правото на здравје кое е важен сегмент во животот на сексуалните работници во однос на пристапот до здравствени услуги и здравствена заштита.

Клучни информации кои треба да ги знаете од Модул 3 се следниве:

### 10.1. Сексуалните работници и човековите права

Човековите права се права што секоја личност ги има и врз основа на тоа има право да биде човечко суштество. Човековите права се:

• **Универзални**, што значи дека секој човек има подеднакви права, без дискриминација;

• **Фундаментални**, што значи дека човековите права се неопходни за секој да живее со достоинство;

• **Вродени,** што значи дека тие не се одобрени од некое лице или орган; секој човек има право на нив како човечко суштество;

• **Неотуѓиви,** што значи дека тие не можат да бидат одземени, дадени или отфрлени од никого или под никакви услови;

• **Меѓусебно зависни**, што значи дека исполнувањето на некое право не може да се случи без исполнување на сите други права;

• **Неделливи,** што значи дека тие не можат да се поделат и дека сите се подеднакво важни.

Човековите права се дефинирани во голем број меѓународни и регионални договори и конвенции. Меѓу најважните ги издвојуваме следниве:

- Универзалната декларација за човекови права (1948)
- Европската конвенција за човекови права (1953)
- Меѓународниот договор за граѓански и политички права и Меѓународниот договор за Економски, социјални и културни права (1976)
- Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација против жените, CEDAW (1979)

Сексуалните работници се човечки суштества како и секој друг и имаат право на човекови права според бројни меѓународно договорени стандарди за третман на сите луѓе, без оглед на нивната професија. Според Декларацијата за правата на

сексуалните работници во Европа[6)], која е изготвена и прифатена од сексуални работници, нивни сојузници, активисти за правата на сексуалните работници и организации кои работат со сексуалните работници низ Европа и пошироко, се наведуваат основните човекови права на сексуалните работници, без разлика на пол, род, сексуална ориентација, класа, раса, етничка припадност, националност, здравствена состојба, возраст, државјанство, јазик, ниво на образование или некој друг општествен или личен статус:

- Правото на живот;
- Правото на слобода и сигурност на личноста;
- Забрана на ропство, принудна работа и слугување;
- Забрана на тортура, нехумано или понижувачко однесување;
- Правото на заштита од насилство, физички повреди, закани и заплашувања;
- Правото на приватност и заштита на семејниот живот, вклучувајќи го тука и правото на слобода од произволно или незаконско мешање во приватноста, семејството, домот или во преписките и од напади врз честа и угледот;
- Правото на стапување во брак и формирање семејство;
- Правото на слобода на движење и живеалиште;
- Право на напуштање на секоја земја, вклучувајќи ја и сопствената, и враќање во неа;
- Право на барање азил;
- Правото на еднаква заштита пред законот и заштита од дискриминација и поттик на дискриминација;
- Правото на праведно судење;
- Правото на слобода на мислење и изразување;
- Правото на работа, на слободен избор на работно место и праведни и поволни услови за работа и заштита при невработеност;
- Правото на највисок можен стандард на физичко и ментално здравје;
- Правото на мирни собири и здружување;
- Правото на организирање, на слобода на поврзување и на формирање и зачленување во здруженија;
- Правото на информирање за мигранти со и без документи;
- Правото на ефективни правни лекови;
- Принципот на не-дискриминација;
- Правото на учество во јавниот и културен живот на општеството;
- Обврска на државите да се борат со предрасудите и вообичаените и сите други пракси кои се базираат на идејата на полова инфериорност или супериорност или на стереотипните улоги на мажите и жените.

Декларацијата за правата на сексуалните работници во Европа е изготвена во координација са Меѓународниот комитет за правата на сексуалните работници во Европа и има за цел да ги идентификува човековите, работничките и миграционите

[6)]http://civicamobilitas.mk/wp-content/uploads/2018/02/deklaracija2-1.pdf?fbclid=IwAR26p5BTRQhSKTFRRjNrmKo_BU6VwYZTOz1JtRBcDLNGLYeNKeP1cR7ALfI

права кои сексуалните работници треба да ги имаат согласно меѓународните закони за човекови права и ги потеницира обврските на државите за да се осигураат дека:

- не ги прекршуваат овие права;
- дека другите не ги прекршуваат овие права;
- дека сите државни структури се организирани на начин кој овозможува сите различни членови на општеството да уживаат и да ги применуваат своите права.

Декларацијата е синтеза од сите права установени со меѓународни договори и повелби, кои треба да се почитуваат за сите луѓе, заедно со конкретни предлози до државите за чекори и политики со кои би се обезбедила заштита на овие права за сексуалните работници.

Според Меѓународниот закон, основно човеково право е „еднаквост пред законот и правото, без дискриминација и на еднаква заштита со законот“. Сепак, постои основано сомневање дека сексуалните работници во Европа, во пракса, немаат еднаков пристап до законска заштита. Затоа сексуалните работници во Европа имаат силни причини да го избегнуваат судскиот систем во нивната борба против дискриминацијата, насилството и другите злоупотреби преку судовите.

### 10.2. Право на здравје

Меѓународните договори кои датираат од Универзалната декларација за човекови права сметаат дека „највисоките стандарди за физичко и ментално здравје“ се основно човеково право. Во однос на правото на здравје како основно човеково право, многу е важно, сексуалните работници да имаат пристап до сеопфатна здравствена заштита, вклучувајќи и ја репродуктивната нега.

Според Информативниот документ за правото на здравје изготвено[7)] од страна на Високиот комесар на Обединетите нации за човекови права и Светската здравствена организација, клучни аспекти на правото на здравје се следниве:

- Правото на здравје е инклузивно право кое вклучува широк спектар на фактори, „основни детерминанти“ кои можат да им помогнат на луѓето да водат здрав живот. Под право на здравје се подразбира следново: здрави услови за работа и животна средина, образование и информации поврзани со здравјето и родова еднаквост.
- Под правото на здравје се подразбира можноста за пристап до здравствени услуги и установи. Според меѓународните инструменти за човекови права, здравствените услуги и капацитетите треба да бидат лесно достапни, лесно пристапни, прифатливи и со добар квалитет за сите без дискриминација.
- Последна компонента на правото на здравје е учеството, што значи информирано, значајно и активно вклучување на населението и ранливите заедници, вклучувајќи ги и сексуалните работници, во одлуките кои влијаат на нивното здравје и благосостојба. Сексуалните работници - исто како и другите популации - треба да се третираат како стратешки партнери во донесувањето одлуки, активности и програми

[7)] https://www.who.int/hhr/activities/Right_to_Health_factsheet31.pdf?ua=1

кои се занимаваат со здравствени проблеми релевантни за нив. Покрај тоа, државите треба да обезбедат сигурно и поддржувачко опкружување за сексуалните работници, со што ќе се створат можности за такво значајно учество.

Едно од најчестите прекршувања на правата на сексуалните работници се случува во областа на здравјето. Правото на здравје на сексуалните работници често се злоупотребува и во многу случаи сексуалните работници имаат тежок пристап до релевантните, сеопфатни или недискриминаторски здравствени или ХИВ услуги. Правото на највисок достапен стандард на здравје треба да биде основно право на секое човечко суштество и треба да вклучува пристап до навремена, достапна и прифатлива здравствена заштита со соодветен квалитет; често ова не е случај за сексуалните работници.

### 10.3. Сексуално и репродуктивно здравје и права (СРЗП)

Правото на сексуално и репродуктивно здравје се заснова на правото на здравје, а истото е универзално и неприкосновано човеково право. СРЗП исто така се вкрстува со другите човекови права, на пример, правото да се биде ослободен од дискриминација, правото на приватност, правото да се биде ослободен од малтретирање и злоупотреба, правото на семејство и правото да се биде ослободен од сексуално насилство.

Правото на сексуално и репродуктивно здравје подразбира дека луѓето можат да уживаат во взаемно задоволувачки и безбедни односи, ослободени од принуда или насилство и без страв од инфекција или бременост и дека можат да ја регулираат нивната плодност без негативни или опасни последици. Сексуалните и репродуктивните права ја обезбедуваат рамката во која може да се постигне сексуална и репродуктивна благосостојба.

Правата за сексуално и репродуктивно здравје се јасно дефинирани во Програмата за акција на Меѓународната конференција за население и развој (МКНР) од 1994 година:

• Доброволни, информирани и прифатливи услуги за планирање на семејството;

• Пренатална грижа, услуги за безбедно мајчинство, асистирано раѓање од обучен персонал (на пример, лекар или акушер) и сеопфатна здравствена заштита на новороденчињата;

• Превенција и лекување на сексуално преносливи инфекции (СПИ), вклучувајќи и ХИВ и СИДА, како и рак на грлото на матката;

• Превенција и третман на насилството врз жените и девојките, вклучувајќи и тортура;

• Безбедна и достапна грижа за абортус, каде што е легална, како и пристап до безбеден абортус и услуги;

• Информации за сексуалното здравје, образование и советување, за подобрување на личните односи и квалитетот на животот.

Врз основа на Повелбата на МФПР за сексуалните и репродуктивните права[8)], следува листа на 12 основни сексуални и репродуктивни права:

---

[8)] https://www.ippf.org/sites/default/files/ippf_charter_on_sexual_and_reproductive_rights_guidlines.pdf

- **Сите имаат право на живот.** Ниеден живот не треба да биде ставен на ризик поради бременост или породување.
- **Сите имаат право на слобода и безбедност**. Ова право ја вклучува слободата на секој да го контролира својот сексуален и репродуктивен живот.
- **Сите имаат право на еднаквост и право да бидат ослободени од секаква форма на дискриминација**. Сите лица се раѓаат слободни и еднакви. Никој не треба да биде дискриминиран врз основа на раса, етничка припадност, боја, сиромаштија, пол или сексуална ориентација, брачен статус, семејна положба, физичка или ментална попреченост, возраст, јазик, религија, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, имот, раѓање или друг статус.
- **Сите имаат право на приватност.** Правото на приватност го вклучува правото на секој да донесува автономни одлуки во врска со својот сексуален и репродуктивен живот.
- **Сите имаат право на слобода на размислување.** Сите лица имаат право на барање, примање и пренесување на информации и едукација поврзани со сексуалното и репродуктивно здравје и права, вклучувајќи го правото на користење на СРЗП услугите.
- **Сите имаат право на избор дали и кога да стапат во брак, да основаат семејство и да имаат дец**а. Секој има право да избере кога и дали сака да склучи брак, и да има деца, вклучувајќи го и правото на избор на контрацепција и правото на избор дали ќе го дои своето дете или не.
- **Сите имаат право на избор дали или кога да имаат деца.** Сите лица имаат право слободно и одговорно да одлучуваат за бројот и возрасното растојание на своите деца, вклучувајќи го правото на одлука дали или кога да имаат деца.
- **Сите имаат право на здравствена нега и заштита.** Секој има право да ги достигне највисоките можни стандарди за сексуално и репродуктивно здравје, вклучувајќи го правото на избегнување на несакана бременост, сексуално преносливи инфекции (СПИ) и ХИВ/СИДА и сексуално насилство.
- **Сите имаат право на користење на придобивките од научните истражувања.** Секој има право на пристап до придобивките од сите достапни технологии за репродуктивно здравје, вклучувајќи нови методи на контрацепција, абортус и третмани за плодност, доколку овие технологии се безбедни и прифатливи.
- **Сите имаат право на слобода на собирање и вклучување во граѓански и политички организации.** Секој има право да се вклучува во невладини и владини организации за застапување и унапредување на правата на сексуалното и репродуктивното здравје.
- **Сите имаат право на заштита од тортура и малтретирање.** Секој има право да биде ослободен од деградирачки третман, вклучувајќи го и правото на добивање почит и грижа при пристапот до здравствените услуги.
- **Сите имаат право на безбеден и пријатен сексуален живот.** Секој има право да има задоволувачки, безбеден и пријатен сексуален живот.

- *Сексуалните работници имаат право на исти човекови права како и сите други луѓе, вклучувајќи го и правото на недискриминаторски, достапен и културолошки-специфичен пристап до универзални, квалитетни здравствени услуги и превенција и третман на сексуално преносливи инфекции (СПИ), вклучувајќи ги и ХИВ и СИДА. Тие исто така имаат право да бидат ослободени од навредливи медицински практики, како присилно или задолжително тестирање за ХИВ и СПИ, присилна стерилизација и задолжително лекување.*

### 10.4. Прекршување на човековите права на сексуалните работници

Злоупотребата на човековите права се јавува во сите сфери од животот на сексуалните работници, вклучувајќи ги и здравството, домувањето, вработувањето и образованието, од страна на приватни лица, државни службеници, спроведувачи/креатори на закони и политики и/или други државни актери. Директните прекршувања на човековите права на сексуалните работници често се вкоренети во репресивните законски рамки и негативните социјални практики.

Стигмата и невидливоста честопати доведуваат до кршење на човековите права на сексуалните работници. Постојат голем број студии за сексуалните работници во светот кои покажуваат дека оваа маргинализирана заедница страда од високи стапки на насилство, честопати извршена од страна на властите, кои не успеваат да ги заштитат човековите права на сексуалните работници, а пак во многу случаи, исто така, се злоупотребувачи.

Честопати, човековите права на сексуалните работници се загрозени од самите политики кои се креирани и наменети да им помогнат. Сепак, политики базирани на претпоставката дека сексуалната работа е инхерентно дехуманизирање никогаш не може да ја препознае или да ја подобри реалноста на животот на сексуалните работници.

Ризикот од сексуално преносливи инфекции (СПИ) и ХИВ/СИДА може да биде висок во сексуалната работа, но тоа не мора да биде така. Сексуалните работници кои имаат знаење и потребни алатки се во можност да се заштитат себеси и своите клиенти. Кога тие имаат моќ да преговараат, сексуални работници се лидери во практикувањето методи за побезбеден секс.

Во повеќето земји, најголем дел од сексуалните работници се жени, а поголемиот дел од нивните клиенти се мажи, но ова не е правило, бидејќи луѓето од сите родови се вклучени во сексуалната работа и истите се ранливи на злоупотреба, малтретирање и насилство од страна на полицијата, државните иснтитуции и општата јавност.

Правото на живот, безбедност, слобода на говор, политичкото делување и пристапот до информации и основните здравствени и образовни услуги се исто толку важни за сексуалните работници како и за сите други. Никој не треба да ги изгуби овие човекови права поради работата што ја работи. Со намалувањето на стигмата и дискриминацијата на сексуалните работници ќе се подобрат условите во кои сексуалните работници живеат и работат.

## Примери за вежби и активно вклучување на учесниците:

**Power point презентација Бр.1: *Човекови права на сексуалните работници и право на здравје***

Изработете Power Point презентација во која ќе ги вклучите клучните компоненти опишани погоре во Модул 3, а кои се однесуваат на човекови права на сексуалните работници вклучувајќи го правото на здравје.

Времетраење: 45 минути, вклучувајќи го и делот за дискусија по завршување на презентацијата.

Потребни материјали: лаптоп, проектор, нотеси или тефтери за учесниците, пенкала

**Вежба Бр.1: *Познавање на човековите права и правото на сексуално и репродуктивно здравје и нивната важност за сексуалните работници.***

Времетраење: 60 минути

Потребни материјали: флип чарт табла, стикери, хартија А4 формат, пенкала, маркери

Групирајте ги учесниците во помали групи и побарајте од секоја група да дискутира на следниве претходно подготвени прашања:

- Кои се моите основни човекови права?
- Кои се моите права за сексуално и репродуктивно здравје?
- Кои права ми се скратени?
- Кој ги крши овие права?
- Дали заедницата на сексуални работници се соочува со бариери во пристапот до здравствени услуги, вклучувајќи ги услугите за сексуално и репродуктивно здравје?

Одвојте 20 до 25 минути за работната дискусија. Додека групите дискутираат, придружете им се доколку имаат некакви прашања или нејаснотии со цел да им помогнете. Откако групите ќе завршат со дискусиите, дадете им инструкции како да ги издвојат клучните точки. Истите може да се запишат на стикери и да се залепат на флипчарт за сите учесници да можат да ги разгледаат. Продолжете ја дискусијата сите заедно, притоа поминете подетално низ секое од горененаведените човекови права кои се важни за сексуалните работници.

**Power point презентација Бр.2: *Прекршување на човековите права на сексуалните работници***

Изработете Power Point презентација во која ќе ги вклучите клучните компоненти опишани погоре во Модул 3, а кои се однесуваат на прекршување на човековите права на сексуалните работници.

Времетраење: 45 минути, вклучувајќи го и делот за дискусија по завршување на презентацијата.

Потребни материјали: лаптоп, проектор, нотеси или тефтери за учесниците, пенкала

**Вежба Бр.2: *Мапирање на случаи на прекршувања на човековите права во контекст на учесниците***

Времетраење: 60 минути

Потребни материјали: претходно подготвен материјал за вежби, пенкала, флип чарт табла, стикери

Групирајте ги учесниците во помали групи и поделете им го претходно подготвениот материјал за оваа вежба **(Види прилог 6: 3 примери за случаи на прекршување на човекови права на сексуалните работници)**. Назначете или побарајте волонтер во секоја група да ја води дискусијата откако заедно ќе поминат низ дадената вежба. Објаснете ја вежбата во секоја од групите. Тие ќе треба детално да го прочитаат дадениот пример за случај на прекршување на човекови права на сексуалните работници и да одговорат на трите прашања поврзани со истиот. Откако учесниците ќе завршат со групните дискусии, може да ја продолжите дискусијата заедно со сите учесници во насока на креирање на кратка порака за застапување до клучните засегнати страни. Пораките може да се запишат на стикери и да се залепат на флип чарт за сите учесници да можат да ги разгледаат.

## 11. Прилози

**Овие прилози се дел од архивата на СТАР-СТАР при организирање на локални и национални работилници, семинари и/или обуки. Истите може да Ви послужат како пример при подготовка на Вашите тренинзи.*

## 11.1. Прилог 1: Пример за регистрација на учесници

| МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО - ГЛОБАЛЕН ФОНД ЗА БОРБА ПРОТИВ ХИВ/СИДА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА„Одржување на ниска ХИВ преваленца во Република Северна Македонија - Одржлив пазвој“ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ОБУКА/РАБОТИЛНИЦА/СЕМИНАР: | | | | | | |
| ОРГАНИЗАТОР: СТАР-СТАР | | | | | | |
| МЕСТО И ДАТУМ НА ОДРЖУВАЊЕ: | | | | | | |
| ЛИСТА НА УЧЕСНИЦИ | | | | | | |
| Реден БР | Име и Презиме | Организација | Професија | Телефон | E-Mail | Потпис |
| 1 | | | | | | |
| 2 | | | | | | |
| 3 | | | | | | |
| 4 | | | | | | |
| 5 | | | | | | |
| 6 | | | | | | |
| 7 | | | | | | |
| 8 | | | | | | |
| 9 | | | | | | |
| 10 | | | | | | |
| 11 | | | | | | |
| 12 | | | | | | |
| 13 | | | | | | |
| 14 | | | | | | |

## 11.2. Прилог 2: Пример за пред евалуационен тест

„Унапредување на модели и практики во здравствениот систем кон третманот на маргинализираните заедници, со особен акцент кон сексуалните работници“

05.02.2016-07.02.2016

Festa Hotel, Софија, Р.Бугарија

## Пред тест

**1. Ве молиме наведете три Ваши очекувања од овој семинар?**

**2. Наведете на кој начин се пренесува ХИВ?**

**3. Наведете неколку начини за заштита од ХИВ?**

**4. Што според Вас претставува сексуална работа?**

**5. Што подразбирате под ранливи групи за ХИВ?**

**6. Дали според Вас здравствени услуги се достапни за ранливи популации?**

**7. Дали според Вас, во здравствените установи се почитува принципот на доверливост кон клиентот/пациентот**

## 11.3. Прилог 3: Пример за пост еевалуационен тест

„Тренинг за зајакнување на заедницата на СР и развој на активизмот”

Универзитетски конгресен центар Св.Кирил и Методиј

Охрид, 21.03.2014-23.03.2014

### Пост тест

Овој тест има за цел да ни го покаже степенот на знаење кој што учесниците го поседуваат по работилницата. Пополнувањето на тестот ќе помогне во унапредувањето на Вашите знаења од вакви или слични области на следни работилници, тренинзи или семинари.

Ве молиме одговорете на прашањата кои се однесуваат на информации со кои се здобивте во текот на обуката.

1. Што претставува активизам?

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

2. Што претставува активно граѓанство?

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

3. Кои се придобивките од зајакната заедница на сексуални работници?

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

4. Кои се начините за застапување на правата на сексуалните работници?

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

5. Која е целта на организирање јавен настан/кампања

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

## 11.4 Прилог 4: Пример за прашалник за евалуација

Прашалник за евалуација

1. Дали содржините на обуката ги задоволија Вашите очекувања?

а. ДА　　б. Делумно　　в. НЕ

2. Дали сметате дека стекнатите искуства од обуката ќе Ви бидат корисни?

а. ДА　　б. Делумно　　в. НЕ

3. Дали Ви се допаѓаше начинот на кој Ви беа презентирани информациите ?

а. ДА　　б. Делумно　　в. НЕ

4. Времетраењето на обуката според Вас беше:

а. Премногу кратко　　б. Доволно　　в. Премногу долго

5. Оценете ги едукаторите:

1　2　3　4　5

6. Оценете ја локацијата на одржување на работилницата:

1　2　3　4　5

7. Дополнителни коментари:

___

___

___

___

## 11.5. Прилог 5: Пример за Соопштение за медиуми

**До: СРЕДСТВА ЗА ЈАВНА КОМУНИКАЦИЈА**

**Предмет: Соопштение за јавност по повод одбележување на 17-ти декември, Меѓународен ден за СТОП на насилството врз сексуалните работници**

Почитувани претставници на медиумите,




Граѓанската иницијатива за заштита, промоција и унапредување на правата на сексуалните работници СТАР-СТАР, во рамките на кампањата за одбележување на **17-ти декември, Меѓународен ден за СТОП на насилството врз сексуалните работници** со големо задоволство Ве поканува на традиционалниот **Марш на црвениот чадор** кој ќе се одржи во **понеделник** на 17-ти декември во **12 часот**, пред платото на **спомен куќата на Мајка Тереза.**

СТАР-СТАР заедно со сексуалните работници, активистите и нивните поддржувачи се приклучува кон глобалната акција за солидарност кон сексуалните работници со цел да се намали насилството и дискриминацијата со кои секојдневно се соочува оваа маргинализирана група. Со пораката: **ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈА СЕГА!** ги охрабруваме институциите и стручната јавност да го отворат прашањето за регулација на сексуалната работа. Ние и сексуалните работници сметаме дека декриминализацијата на сексуалната работа претставува најдобра политика за унапредување на здравјето, благосостојбата и човековите права на сексуалните работници. Овие заложби се засноваат врз потребите на сексуалните работници за заштита на нивните права, за создавање на безбедни услови за живот и работа, како и превенција од насилство и експлоатација.

Иницијативата за одбележување на овој ден доаѓа од д-р Ени Спринкл со една единствена цел – поддршка на сексуалните работници од САД, како ден на кој се оддава почит на жртвите на убиецот од Грин Ривер во Сиетл, Вашингтон. Убиецот изјавил: „Сакав да убијам колку што можев повеќе. Знаев дека никој нема веднаш да ги пријави за исчезнати, па дури можеби и никогаш нема да бидат пријавени. Собирав проститутки затоа што мислев дека можам да убијам колку што сакам од нив без да бидам фатен". Гери Лајон Ридвеј беше осуден на доживотна казна затвор и му беше изречена парична казна во висина од 10,000 долари за секоја убиена жртва на 18-ти декември, 2003-та година.

МАРШ НА ЦРВЕНИОТ ЧАДОР

ПОНЕДЕЛНИК, 17-ТИ ДЕКЕМВРИ, 12:00 ЧАСОТ

МЕСТО: НА ПЛАТОТО ПРЕД СПОМЕН КУЌАТА НА МАЈКА ТЕРЕЗА НА УЛИЦА МАКЕДОНИЈА

Воедно, сакаме да Ви се заблагодариме за Вашата долгогодишна соработка, за безрезервната поддршка, етичкото и вистинското пренесување на суштинското значење на јавниот настан по повод одбележување на Меѓународниот ден за СТОП на насилството врз сексуалните работници во македонскиот медиумски простор.

Ви Благодариме

**За организаторот:**

СТАР-СТАР претставува граѓанска иницијатива за заштита, промоција и унапредување на правата на сексуалните работници. Главни цели на организацијата се промовирање на сексуалната работа како и секоја друга професија, која претставува слободен избор и нема допирни точки со прашања поврзани со трговија со луѓе, потоа заштита и унапредување на правата на сексуалните работници во социјалниот, правниот и здравствениот систем во општеството, преку активна и блиска соработка со граѓанскиот сектор, државните институции и медиумите на локално, национално и меѓународно ниво.

СТАР-СТАР е невладина организација, која од 2012-та година активно работи на имплементација на Програмата за ХИВ превенција помеѓу сексуалните работници, со поддршка на Министерството за Здравство на Република Македонија.

**Марш на црвениот чадор, 17.12.2018 година (понеделник), 12.00 часот,**

**Улица Македонија (Спомен Куќа на Мајка Тереза).**

Лице за контакт:

Извршен директор на СТАР-СТАР

## 11.6. Прилог 6: 3 примери за случаи на прекршување на човековите права на сексуалните работници

**Пример 1 (за вежба 2 од Модул 3)**

Случај бр. 1

Одејќи накај дома, пред вратата на зградата ме пресретнаа 3 лица и ги прашав: „Што барате овде?“ и еден од нив почна да ме удира по вратот со боксови, а другите викаа „педери да ве снема од тука“. Потоа јас влегов во станот и седев две минути, по што земав лична карта за да одам во полициска станица. Само што излегов од врата ме следеа со кола во правец на Полициска станица Беко. Се јавив на 192 и кажав дека ме следат и ми кажаа од таму да одам во најблиската полициска станица, по што отидов во Беко. Во Беко ме примија двајца службеници (еден во цивилно, а друг во униформа). Им го опишав настанот и почнаа да ме навредуваат (ми викаа криминалец), знаеја дека сум геј и сексуален работник и ми викаа: „Што мислиш ова е Европа, за такви како вас нема место тука“, и ми викаа „педер“ и „курва“.Тогаш побарав на шалтерот друг инспектор, но не ми одговорија ништо, туку дојде истиот полициски службеник и ми кажа одма дојди во соба. Побарав и итна помош и ми кажа дека не сум доволно повреден за да повикаат, а јас не се чувствував воопшто добро. Јас им дадов телефонски број од другарот на напаѓачот, по што им се јавија и лицето дојде во станицата. Он кажа дека не ме нападнал, на што одговорив дека со него беше напаѓачот, а после ова полицискиот службеник му кажа да излезе надвор. Полицаецот почна да ми се заканува дека ќе напише дека давам лажна изјава и ќе покрене постапка против мене. По тоа морав да ја потпишам изјавата што он ја диктираше, во записникот пишуваше дека не ме нападнал туку дека само вербално ме вознемирувал. Бев принуден да ја потпишам изјавата под притисок на полицијата.

Ксенија е трансвеститка, сексуална работничка и работи на затворена сцена. Лицето што ја нападнало пред зградата е поранешен клиент, кој постојано ја малтретира и ја вознемирува.

1. Дали во случајот се повредени човекови права? Ако да, кои и зошто? Кој е сторителот на повредата на правата?
2. Дали во случајот има дискриминација? Која е основата и обликот/видот на дискриминација? Кој е сторител на дискриминација? Образложи!
3. Ако си ти правен советник/чка како би постапил/а? До кои институции би се обратиле? Зошто?

**Пример 2 (за вежба 2 од Модул 3)**

Случај бр. 2

Дневен весник подолг период објавува текстови со содржина со која луѓето со хомосексуална ориентација се претставени како луѓе кои имаат психички проблеми и растројства и имаат потреба од медицинска помош. Дел од текстовите се посветени на заканата од ХИВ епидемија која, според авторот на текстот, лесно се пренесува преку хомосексуалците. Кон текстовите се објавени и фотографии на познати естрадни уметници, новинари и политичари за кои дневниот весник открива дека се хомосексуалци.

Ова се извадоци од текстовите објавувани во дневниот весник.

" ..........Немам ништо против секој човек за пердашење да одбере партнер по своја волја. Тоа е негова приватна работа. И, се додека е приватна, јас го штитам неговото право на тоа. Но, штом од приватна сака да ми ја наметне за општо прифатено правило, за стандард, јас се спротивставувам. Ако не за друго, затоа што педерите се закана за човештвото. На кутијата цигари, како закана, пишува да го одбегнуваш пушењето затоа што може да создаде стерилитет. Да те остави без деца. По таа аналогија, секој педер треба да носи маица дека сексот со него може да ти донесе СИДА и дека е апсолутна закана за наталитетот. Педерите, имено, не можат да прават деца. Секој има право на јавен собир. Па и хомосексуалците. И никој нема право да ги тепа заради тоа. Но, ако некој провоцира со наметнување на сопствената интима врз туѓите нерви, тоа без конкуренција се педерите. Провоцираат ептен......"

1. Дали во овој случај се повредуваат човековите права? Ако да, чии права се повредуваат?
2. Дали има дискриминација? Ако да, која е основата и видот (обликот) на дискриминација?
3. Ако да, образложете зошто сметате дека се повредуваат човекови права?
4. Доколку сте Вие правен советник/чка што би преземале? До кои институции би се обратиле за заштита?
5. Дали ваквите текстови се забранети со закон? Образложете

**Пример 3 (за вежба 2 од Модул 3)**

Случај бр. 3

Во овој случај, момче на возраст од 24 години, кое неодамна дознало за својата ХИВ-инфекција, се обратило до психолог при Поликлиниката „Букурешт“ во Скопје, со цел да направи психолошки тест, по упат од неговиот психијатар. Психолошкиот тест бил потребен за да може правилно да се одреди неговата терапија. Додека пациентот го решавал тестот, психологот почнал да му поставува прашања и на тој начин да го прекинува пациентот во решавањето. Најпрво го прашал зошто му е потребен психолошкиот тест, а откако му била објаснета причината, го прашал и зошто му е потребна здравствена услуга од психијатар. Пациентот објаснил која е дијагнозата поставена од психијатарот. Незадоволен од одговорот, психологот побарал објаснување што ги предизвикува тие состојби, на што пациентот објаснил дека неколку месеци претходно дознал дека е ХИВ позитивен, што придонело кон поголемо вознемирување на неговата психолошка состојба. Видно зачуден од одговорот, психологот го прашал пациентот како се заразил со ХИВ, на што пациентот одговорил дека ХИВ инфекцијата му била пренесена преку сексуален однос со друг маж. Барајќи изговор за понатамошно испрашување, психологот рекол дека овие информации му се потребни со цел да изработи поточни резултати од психолошкиот тест, па продолжил со прашањето што го натерало пациентот да мисли дека сака мажи. Младиот пациент одговорил дека отсекогаш бил свесен за својата сексуална ориентација и дека отсекогаш го привлекувале мажи, по што следувало прашање дали тој некогаш имал сексуален однос со женско. Кога добил негативен одговор, психологот почнал да изнесува свои лични вредносни судови во врска со сексуалната ориентација на пациентот, при што, меѓу другото, рекол дека таа (т.е. психологот) е „од постарите генерации и истополовите сексуални односи не ги смета за нормални“, дека тоа било „само помодарство донесено од Западот“ и дека ние тука „се обидуваме да глумиме модерни“; понатаму, дека таа „може да разбере само луѓе кај кои тоа е резултат на хормонска нерамнотежа“, но и дека со пациентот „тоа не е случај“, туку е „резултат на тоа што неговата мајка не го гледала додека бил мал, поради своите психолошки проблеми“ (заклучоци што психологот ги извел од информации што, исто така, биле споделени од пациентот во текот на разговорот). Најпосле, таа констатирала дека „тоа што момчето добило СИДА е казна за тие што глумат модерни“ и уште дека „завлегол во тие мрачни води по организации“ – повикувајќи се на претходна изјава на момчето дека побарало помош во организација за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ. По ова, момчето се обидело да ја прекине дискусијата со зборовите: „Ќе Ве молам ако може Вашите лични ставови да ги задржите за Вас, јас сум тоа што сум, нема потреба да се објаснувам. Ако може да ме оставите да го дорешам тестот“.

1. Дали во случајов се повредуваат некои човекови права? Кои права се повредуваат и зошто?

2. Дали во случајов има дискриминација? Ако има, кој е основот, обликот/видот на дискриминација, кој е дискриминаторот? Ако да, зошто сметате дека има дискриминација?

3. Дали се прекршуваат некои закони во случајот? Образложи зошто?

4. Доколку сте Вие правен советник/чка што би преземале? До која институција би се обратиле?

## 12. Користена литература

1. ECOM, Training Module on Work with Public Officials on Human Rights and Combating Stigma and Discrimination against Gay Men, Other MSM and Trans People, 2018

2. ICRSE, Training Manual on Sex Work, HIV and Human Rights

3. ICRSE, An Activism and Advocacy Guide for Challenging the Swedish Model for Criminalising the Clients of Sex Workers in Europe

4. IPPF, IPPF Charter Guidelines on Sexual and Reproductive Rights

5. STAR-STAR, Case Study: STAR-STAR, Macedonia

a) Заедно посилни, Мини ХИВпедија – што треба да знам за ХИВ денес, 2018

b) СТАР-СТАР, Проценка на потребите на младите сексуални работници во однос на здравствени, социјални и правни услуги, 2018

c) СТАР-СТАР, Доброволна сексуална работа, 2016

d) СТАР-СТАР, Стратешко планирање 2018-2020, 2017

e) Х.Е.Р.А. – Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Водич за доброволно советување и тестирање за ХИВ (ДСТ)

f) ХОПС, Декларација на правата на сексуалните работнци во Европа,2009

g) ХОПС, Сексуална работа во РС Македонија, 2014

## Благодарност

Изразуваме голема благодарност до сите сексуални работници кои придонесоа за развојот и реализацијата на овој прирачник: Тренинг модул за сексуалната работа, ХИВ и човекови права како и за нивното учество во многубројните тренинзи/работилници/семинари низ годините. Со споделување на нивните искуства, проблеми, потреби и можни решенија токму на овие обуки, заедницата на сексуални работници игра важна улога во прибирањето важни информации за развој на овој тренинг модул.

**Во издание на:**

СТАР

ГЛАСНО
ЗА СЕКСУАЛНИТЕ
РАБОТНИЦИ